АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15 04. 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2275 | 1 | |


# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2019 ГОДИНА

## ИЗВЕШТАЈ ОД МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

## ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ДО 9 АПРИЛ 2019 ГОДИНА

## Методолошки напомени

Со почетокот на изборната кампања за истовремените Претседателски и Предвремени избори за градоначалник на Дебар, Ново Село и Охрид, се смени и фокусот на мониторингот на изборното медиумско претставување, бидејќи од 1 април 2019 година, важи законскиот принцип за еднаквост во известувањето од активностите на кампањите и на претседателските и на градоначалничките кандидати во вкупната програма.

Примерокот беше проширен и освен националните, сега опфаќа и регионални и локални ТВ сервиси, пред сè во подрачјата на општините во кои се бира градоначалник – односно вкупно 32 програмски сервиси. Така, во примерокот сега влегува 24-часовната програма на вкупно 15 програмски сервиси на национално ниво (13 ТВ и две радија), на 17 регионални и локални телевизии. Од националните радиодифузери опфатени се: пет сервиси од Јавниот радиодифузен сервис - МРТ1 и МРТ2 Програма на албански јазик (односно Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис), Собранискиот канал и Македонско радио – Прв програмски сервис (МР1) и Програмата на албански јазик на Каналот на етничките заедници на Македонско радио, и 11 комерцијални телевизии – терестријалните ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма, кабелските 1ТВ, ТВ 21-М, ТВ Клан Македонија, ТВ Сонце и ТВ Шења, и сателитската ТВ 24 Вести. Од регионалните и локалните телевизии, се анализираат: ТВ Дибра и Телевизија 3 со седиште во Дебар, ТВ М и ТВ Морис со седиште во Охрид, ТВ Кобра со седиште во Радовиш, ТВ Канал Вис со седиште во Струмица,ТВ Тера – Битола, ТВ Здравкин – Велес, ТВ КТВ – Кавадарци, ТВ Канал Визија - Прилеп, ТВ Феста – Куманово,ТВ Стар и ТВ Ирис – Штип, ТВ Ускана Еден, ТВ Кисс и ТВ Коха -Тетово.

Се анализираа сите облици на изборно медиумско претставување: дневно – информативните емисии, посебните информативни емисии – особено интервјуата, дебатите или ТВ/радио соочувањата, актуелно-информативните програми, актуелно-информативните програми со документаристички пристап и тематските специјализирани информативни програми кои беа посветени на изборите. Се следеа и облиците на директен пристап до избирачите какви што се бесплатното политичко претставување и платеното политичко рекламирање. Се анализираше и содржината на емисиите што не се поврзани со изборите доколку во нив учествуваа или се појавуваа учесници во изборна кампања и/или претставници на органите на власта (државна и локална), на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

Согласно „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси", донесена на 7 февруари 2019 година, со техниката анализа на содржината се следеше:

- „Начинот на известување во вестите за учесниците во изборниот процес и за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања,
- Условите за пристап и третманот на учесниците во изборната кампања во посебните информативни емисии,
- Почитувањето на правилата за емитување платено политичко рекламирање и бесплатно политичко претставување,
- Почитувањето на забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства,
- Дали има случаи уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми истовремено да учествуваат и во предизборни активности на учесниците во изборна кампања?
- Дали се почитуваат правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење?
- Дали се почитува забраната за поттикнување омраза и нетрпеливост од член 48 од ЗААВМУ."

При кодирањето, сите прилози од активности/изјави поврзани со изборите беа ставени во една тематска категорија „Избори 2019", а останатите новости во темата „Други прилози". Претседателските и градоначалничките кандидати се означени по име, а кон нивното време е приклучено и времето за претставниците на нивните изборни штабови. Поддршката од политичките партии е кодирана издвоено.

## Клучни наоди

Првиот извештај за начинот на известување на радиодифузерите во текот на изборната кампања, го опфаќа периодот од 1 до 9 април 2019 година, и претставува можност за радиодифузерите да ги увидат резултатите од својата уредувачка политика во поглед на известувањето за изборите. Тој ги содржи наодите за националните медиуми и за регионалните и локалните телевизии кои емитуваат програма на подрачјето на Дебар, Ново Село и Охрид.

Една од карактеристиките во известувањето за текот на изборните кампањи во 2019 година, во првите девет дена е тоа што националните медиуми повеќе се концентрираа на активностите на претседателските кандидати, што е и логично зашто градоначалници се бираат само во три општини. Некои од нив во вестите воопшто не известуваа за локалните избори (ТВ Алсат – М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, 1ТВ, ТВ Шења) или патем спомнаа некој од кандидатите (на пример МРТ1). ТВ 21 – М и ТВ Клан Македонија известуваа само за изборите во Општина Дебар.

Регионалните и локалните медиуми пак беа поконцентрирани на локалните избори за својата општина, но со мали минутажи, со исклучок на ТВМ со седиште во Охрид која во поголемиот дел од вестите информираше за активностите поврзани со кампањата за градоначалник.

За претседателската кампања не се известуваше со голем интензитет – овие информации ретко каде достигнуваат половина од вестите. Оттаму, може да се каже дека времето алоцирано за кандидатите не е доволно големо за да се извлечат оценки за тоа **колку** е почитуван принципот на еднаква распределба на времето меѓу тројцата кандидати, односно дали е постигнат баланс во известувањето. Дотолку повеќе што едниот од нив (Блерим Река) не водеше кампања на целата територија на државата. Сепак, наодите даваат индиции за тоа **дали и како** е запазен принципот на еднаквост. Може да се констатира дека кај анализираните медиуми има четири пристапи:

- Некои од медиумите настојуваа да обезбедат еднаквост во распределбата на времето што го одвоиле заедно за кандидатите и за партиите кои ги поддржуваат (на пример МРТ1, МРТ2 - Програма на албански јазик, Македонско Радио Програма на албански јазик);

- Други настојуваа да обезбедат приближна еднаквост на времето меѓу кандидатите (на пример, ТВ Алсат - М, ТВ Алфа, ТВ 21 – М);

- Кај некои, преку времето може да се согледа разликата во интензитетот на кампањата на Блерим Река – било поединечно, било заедно со партиите – поддржувачки (на пример МРА1, ТВ Канал 5, ТВ Телма);

- Некаде помалото време за кандидатот Блерим Река, освен на интензитетот на неговата кампања, се должи и на разлика во пристапот – покуси прилози, без директни обраќања - што покажува поголема разлика во времињата за Гордана Силјановска-Давкова и Стево Пендаровски, од една страна, и Блерим Река, од друга страна (ТВ Сител, ТВ 24 Вести).

Практиката на ТВ Сонце да ги пренесува пред сè ставовите на политичката партија Македонска Алијанса (чиј претседател Ѓорѓија Џорџ Атанасоски е сопственик на Телевизијата), продолжи и во првите девет дена од кампањата.

Повеќето медиуми реализираа и посебни информативни емисии (интервју и/или дебати) посветени на изборите. Во нив, различни аспекти на изборите беа разгледувани со експерти, политичари, претставници на изборните штабови. Интервјуа со претседателски кандидати имаше на Алфа, Телма, 1ТВ, 24 Вести, охридската ТВМ. Дебата меѓу претседателските кандидати имаше на ТВ Телма. На Алсат-М имаше кратки интервјуа со градоначалничките кандидати за Дебар, Ново Село и Охрид, а интервју имаше и на ТВМ. На ТВ 21–М имаше дебата со градоначалничките кандидати за Дебар, а на ТВ 24 Вести меѓу себе дебатираа кандидатите за прв човек на Ново Село и на Дебар. На неколку медиуми беше емитувано интервјуто на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски дадено за Радио Слободна Европа.

Важно е да се нагласи дека освен Јавниот сервис МРТ1, и ТВ 24 Вести обезбеди информации за лицата со оштетен слух со тоа што на знаковен јазик преведуваше едно издание на вестите дневно и дел од дебатите.

Во останатиот дел од дневно-информативните емисии, вообичаено најмногу време има за активностите на Владата, што во овој период произлезе пред сè од билатералната средба меѓу македонскиот и грчкиот премиер - Зоран Заев и Алексис Ципрас и делегациите на двете држави во Скопје, интензивираните дипломатски чекори во однос на зачленувањето на земјата во НАТО и ЕУ, активностите/изјавите на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за одбрана во врска со новиот бран илегални мигранти, како и прилози за промовирањето тековни или стратешки економски политики. Освен ова, актуелна во овој период беше дебатата околу иднината на Специјалното јавно обвинителство, разгледувана во рамките на партиските преговори за предлог-законот за Јавно обвинителство, текот на актуелните судски случаи, прашањето дали претседателот Ѓорге Иванов може да ги помилува осудените од собраниските настани од 27 април 2017 година.

# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

## Телевизиски програмски сервиси

### МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ1)

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Дневници - меѓу 19:30 часот и 23:30 часот. Во посочениот примерок беа направени извесни адаптации, нужни поради ексклузивитетот на четири директни преноси од завршните натпревари во регионалната ракометна СЕХА лига во која се натпреваруваше и РК Вардар од Скопје, но и поради мошне збиениот распоред за исполнување различни програмски функции на Првиот програмски сервис, така што - за анализа беа земени изданија на ТВ Дневникот варијабилно емитувани во термини помеѓу 18 и 19:30 часот и помеѓу 22 и 23:45 часот. Во смисла на принудните методолошки адаптации, треба да се напомене дека во некои од доцновечерните информативни термини понекогаш воопшто немаше прилози за текот на изборните кампањи, или, пак, беше емитуван по еден кус, збирен извештај за кампањата на сите кандидати.

Анализирани се 18 изданија со вкупно времетраење на методолошки избраните прилози од 4 часа и 41 минута.

***Начин на известување:***

МРТ1 издвои за известувањето за изборите околу половина од анализираното време (2 часа 19 минути и 19 секунди). Гореспоменатите програмски/информативни карактеристики на Првиот програмски сервис во периодот на мониторингот од 1 до 9 април 2019 година, очигледно влијаеа и врз уредувачкото димензионирање на конкретните новинарски прилози за кампањата на претседателските избори. Односно, тематски / содржински споредбено погледнато прилог-по-прилог од емитуваното во двете избрани изданија на Дневникот, забележливо е дека во одредени случаи монтажно беа отстранувани илустративните кадри за поширокиот агитациски изборен амбиент (времепросторот/локацијата на случувањето) и придружните говори на партиските поддржувачи на некои од кандидатите за претседател (посебно забележливо кај првичните прилози од кампањата за Блерим Река, независниот претседателски кандидат во чија изборна поддршка се вклучија партиските лидери на Алијансата за Албанците – Зијадин Села, и на Беса – Билал Касами). Инаку, гледано стриктно – како продукциска реализација на аудиовизуелната целина во која е врамен избран информативен новинарски жанр (пристапот/обработката на актуелната тема), може да се рече дека – информативниот третман на изборната кампања на тројцата кандидати не покажува драстични разлики: прилозите најчесто претставуваат – извештаи од изборните карвани, односно – митинзи или други облици средби со граѓани, при што информативната водилка на извештајот ги носи политичките поенти на кандидатите и на партиските лидери што ги придружуваат, а поретко, пак (од гореспоменатите причини), известувањето се сведува или на обмислена изјава, или на емитуван (тонски илустриран) цитат со контекстуален вовед од водителот на ТВ Дневникот. За – квантитетот (времетраењето) на прилозите за изборите, земен како - „објективен" - известувачки елемент сам по себе, треба да се посочи дека – во новинарските извештаи за Блерим Река, покрај квантумот за презентацијата на самиот претседателски кандидат, отстапената информативна количина (на секој новинарски прилог поединечно) е поделена и помеѓу неговите партиски поддржувачи и директни придружници во кампањските активности - Алијансата за Албанците и Беса. Од друга страна, пак, беше земена предвид и - бројноста на изборните настапи пред потенцијалните гласачи од различни региони во државата, во корелација со посебноста на јазичните преференции во промотивната кампања на кандидатот Блерим Река.

Земајќи ги предвид овие почетни медиумско-изборни информативни релации, билансот од известувањето по првите девет дена кампања за претседател на државата, во методолошки селектираните дневноинформативни изданија на Првиот програмски сервис, укажува на тенденцијата да се почитува принципот на еднаквост, односно да се обезбеди приближно еднакво време за известувањето за

кандидатите: Само за **Гордана Силјановска-Давкова** – 25 минути и 36 секунди, а заедно со поддршката и агитациската придружба од опозициската ВМРО ДПМНЕ – 22 минути и 16 секунди, **вкупно – 47 минути и 52 секунди**; само за **Стево Пендаровски** – 36 минути и 42 секунди, а заедно со изборните настапи на СДСМ – 12 минути и 37 секунди, и на коалицискиот партнер ДУИ – 1 минута и 29 секунди, или **вкупно – 50 минути и 48 секунди**; само за **Блерим Река** – 12 минути и 43 секунди, а заедно со агитациската придружба од Алијансата за Албанците – 8 минути и 54 секунди, и на Беса – 8 минути и 54 секунди, **вкупно – 30 минути и 31 секунда** (Табела 1).

МРТ1 во дневноинформативните емисии не известуваше за – тековните градоначалнички избори за Охрид, Дебар и за Ново Село, односно – нотирана е една куса новинарска белешка за промотивното присуство на Арбен Аголи, градоначалничкиот кандидат за Дебар, поддржан од Алијансата за Албанците , на митинг на претседателскиот кандидат Блерим Река.

Вон рамките на планираното и на реализираното од изборните карвани, во дневниците на Првиот програмски сервис, беа емитувани и куси информативни прилози понекогаш експлицитно асоцирани со изборниот процес, а презентирани како - партиски полемички паралели - направени од соопштенија и од изјави, по критичка иницијатива од опозициската ВМРО ДПМНЕ (*за – безбедносните / економските / социјалните и здравствените политики на Владата*), при што најчесто како прва адреса за одговор беше земан СДСМ (посочен) како нивни директен политички опонент, а понекогаш и одредени министри, согласно со одговорноста според полемички засегнатите ресори.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**МРТ1**

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Стево Пендаровски | 00:36:42 | 26,34 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:25:36 | 18,38 | % |
| Блерим Река | 00:12:43 | 9,13 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:16 | 15,98 | % |
| СДСМ | 00:12:37 | 9,06 | % |
| Други субјекти | 00:03:34 | 2,56 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:29 | 1,06 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:08:54 | 6,39 | % |
| Беса | 00:08:54 | 6,39 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:14 | 3,04 | % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:00:59 | 0,71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:41 | 0,49 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:40 | 0,48 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:19:19** | **100** | **%** |
| **Други прилози** | | | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:18:52 | 13,35 | % |
| СДСМ | 00:09:15 | 6,54 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:49 | 7,65 | % |
| Влада | 00:53:04 | 37,54 | % |
| Други субјекти | 00:08:37 | 6,10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:30:10 | 21,34 | % |
| Претседател на РСМ | 00:03:29 | 2,46 | % |
| АРМ | 00:01:20 | 0,94 | % |
| Собрание на РСМ | 00:00:52 | 0,61 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:52 | 0,61 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:32 | 1,08 | % |
| Без субјекти | 00:00:42 | 0,50 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:47 | 1,26 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:21:21** | **100** | **%** |
| | **Вкупно: 04:40:40** | | |

Владата, водечкиот субјект според статистиката од методолошки обработеното време во другите внатрешнополитички прилози за периодот од 1 до 9 април 2019 година, во дневниците на Првиот програмски сервис беше застапена најмногу поради низата новинарски прилози по различни теми произлезени од билатералната средба предводена од македонскиот и грчкиот премиер Зоран Заев и Алексис Ципрас во Скопје, потоа поради интензивираните дипломатски чекори од евроатлантските интегративни процеси, но во статистиката за извршната власт влегоа и интервенциите на Министерството за внатрешни работи против бранот илегална миграција долж границата со Република Грција, како и владините најави за повишена финансиска контрола за јавните трошоци и за вложувања во енергетскиот сектор, како прилози кон промовирањето тековни или стратешки економски политики. За овие и други актуелности, МРТ1 одвои 2 часа и 21 минута и 21 секунда.

Времето издвоено за директни обраќања на кандидатите за претседател на државата кореспондира со тенденцијата да се почитува принципот на еднаквост (Табела 2).

***<u>Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти</u>***

**МРТ1**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада | 00:23:07 | 19,50 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:07 | 4,32 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:19:58 | 16,84 | % |
| Други субјекти | 00:04:20 | 3,65 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:05 | 8,50 | % |
| СДСМ | 00:09:18 | 7,84 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:24 | 0,34 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:12:08 | 10,23 | % |
| Стево Пендаровски | 00:13:58 | 11,78 | % |
| Блерим Река | 00:09:36 | 8,10 | % |
| Беса | 00:03:09 | 2,66 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:02:57 | 2,49 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:16 | 0,22 | % |
| Претседател на РСМ | 00:00:54 | 0,76 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:00 | 0,84 | % |
| АРМ | 00:00:45 | 0,63 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:32 | 1,29 | % |
| | **Вкупно: 01:58:34** | | |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Дебати***

Во изданието на емисијата „И што сега?" од 4 април, реализирана е дебата (преведена и на знаковен јазик за гледачи со оштетен слух) со основна тема – Избори 2019 година, меѓу политичките аналитичари Владимир Божиновски и Алберт Муслиу. На 9 април, во истата емисија е реализирано изборно соочување меѓу – Игор Јанушев (ВМРО ДПМНЕ) и Александар Кирацовски (СДСМ), шефовите на изборните штабови на претседателските кандидати - Силјановска-Давкова и Пендаровски. Водителот на дебатата нагласи дека, согласно со принципот на еднаков медиумски третман на сите кандидати, бил поканет и шефот на Изборниот штаб на претседателскиот кандидат Блерим Река, но поканата не била прифатена.

Во согласност со членот 76-а, став 4 од Изборниот законик, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија преку знаковен/толкувачки јазик редовно адаптираше по едно издание на

Дневникот и за гледачите со оштетен слух, како и некои од дебатните изданија на актуелно-информативната емисија насловена „И што сега?". Во повеќе периоди од денот Првиот програмски сервис емитуваше и повик за одредување на термините за бесплатно политичко претставување.

## МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ2) - Програма на албански јазик

### *Дневно-информативни емисии*

***Примерок:***

Дневници од 18:30 часот и од 22 часот.

Анализирани се 18 изданија со вкупно времетраење на методолошки издвоените прилози од 5 часа и 35 минути.

***Начин на известување:***

Изборната кампања, пред сè за претседателските избори, а во мал обем и за изборите за градоначалници на Охрид и на Дебар, информативната редакција на албански јазик, од Втората програма на Јавниот радиодифузен сервис, ја следеше – рамномерно, со уредувачки приод квантитативно и квалитативно стандардизиран во форма на новинарски извештај во кој информативната основа се состоеше од промотивните поенти на кандидатите и на нивните партиски поддржувачи. На овие теми се однесуваат околу половина од вестите (2 часа 54 минути и 43 секунди). Специфика во известувањето бележиме во извештаите за кампањата на Стево Пендаровски, за кого, претставен како - „консензуален кандидат" - на повеќе коалициски партнери на владејачкиот СДСМ, кампањата се води паралелно низ повеќе региони/изборни единици, па оттаму, описно речено – било во еден ист новинарски извештај било во одвоени извештаи, се проследува и настапот на самиот кандидат и/или на претставници од СДСМ, но и кампањата што во негова директна поддршка ја водат ДУИ (почесто) и ДПА (поретко). И по отстапеното време и по изборот на промоциските политички поенти, забележлив е уредувачкиот обид да се постигне и да се задржи објективност при известувањето, без оглед на фактичкиот обем (бројност и габарит) на изборните настапи, настани и организирани изборни случувања.

Во дел од дневноинформативните прилози на тема – Избори 2019 година, МРТ 2 го проширува новинарскиот опфат со анализи и со ставови на општата, но и на стручната јавност, било преку сопствена новинарска иницијатива (анкети/изјави) било преку исечоци од дебатните емисии што ги организира.

Рекапитуларот по деветте дена (од 1 до 9 април) од изборната кампања за претседателските избори е следниов: За **Гордана Силјановска-Давкова и ВМРО ДПМНЕ**, во осумнаесетте анализирани изданија на дневниците е отстапено **вкупно време од – 41 минута и 53 секунди**; - за **Стево Пендаровски, СДСМ, ДУИ и ДПА, вкупно – 42 минути и 10 секунди**; - за **Блерим Река, Алијансата за Албанците и Беса, вкупно – 45 минути и 20 секунди** (Табела 1).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**МРТ 2 – Програма на албански јазик**

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Стево Пендаровски | 00:21:39 | 12,39 | % |
| Блерим Река | 00:16:35 | 9,49 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:23:56 | 13,70 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:52 | 5,65 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:40 | 2,10 | % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:01:34 | 0,90 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:04:53 | 2,80 | % |
| Влада | 00:02:10 | 1,24 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:00:54 | 0,52 | % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:54 | 0,52 | % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:05 | 1,76 | % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:02:36 | 1,49 | % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:00:54 | 0,52 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:35 | 1,48 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:15:28 | 8,85 | % |
| Беса | 00:13:17 | 7,60 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:57 | 10,27 | % |
| СДСМ | 00:05:55 | 3,39 | % |
| Други субјекти | 00:03:44 | 2,14 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:17 | 0,73 | % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:01:41 | 0,96 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:44 | 2,71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:01 | 1,15 | % |
| Без субјекти | 00:06:08 | 3,51 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:14 | 4,14 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:54:43** | **100** | **%** |
| **Други прилози** | | | |
| Влада | 01:17:30 | 48,37 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:27 | 5,27 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:03 | 16,26 | % |
| Претседател на РСМ | 00:01:27 | 0,90 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:23:02 | 14,37 | % |
| СДСМ | 00:07:28 | 4,66 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:07 | 3,82 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:42 | 3,56 | % |
| Други субјекти | 00:00:43 | 0,45 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:26 | 0,89 | % |
| Судство | 00:02:19 | 1,45 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:40:14** | **100** | **%** |
| | **Вкупно: 05:34:57** | | |

Забележливата статистика во прилог на Владата, се должи пред сè на интензивните дипломатски активности произлезени од агендата за евроатлантските интеграции, посебно по т.н. „Преспански договор", а имено – посетата на грчкиот премиер Алексис Ципрас и последователниот Форум со потенцијалните грчки инвеститори, како и активностите околу членството на државата во НАТО. Но, во оваа ставка е бележен и тековниот ангажман на Владата (министерствата за одбрана и за внатрешни работи) околу инцидентите од новиот бран илегална миграција на границата со Република Грција. Исто така, процентот за извршната власт ги опфаќа и прилозите во кои различни министерства се појавуваат како адреса за директен одговор на критиките произлезени од опозициската ВМРО ДПМНЕ, како и прилозите во кои премиерот Заев промовира економски политики во содејство со специфични групации во рамките на т.н. „бизнис заедница". За другите актуелности – неповрзани со изборите, беше известувано во текот на 2 часа 40 минути и 14 секунди.

*Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти*

**МРТ 2 – Програма на албански јазик**

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:15:20 | 12,05 % |
| Стево Пендаровски | 00:11:34 | 9,09 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:44 | 4,51 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:11:48 | 9,27 % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:00:56 | 0,73 % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:24 | 4,24 % |
| Влада | 00:26:01 | 20,45 % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:01:24 | 1,10 % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:14 | 0,97 % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:00:14 | 0,18 % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:18 | 0,24 % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:00:22 | 0,29 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:19 | 6,54 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:04 | 0,84 % |
| Блерим Река | 00:09:08 | 7,18 % |
| Алијанса за Албанците | 00:06:43 | 5,28 % |
| Беса | 00:05:32 | 4,35 % |
| СДСМ | 00:04:04 | 3,20 % |
| Други субјекти | 00:01:19 | 1,03 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:40 | 2,10 % |
| Граѓански сектор | 00:02:24 | 1,89 % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:00:53 | 0,69 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:02 | 1,60 % |
| ДИК и други органи | 00:02:48 | 2,20 % |
| | **Вкупно: 02:07:15** | **100 %** |

## *Посебни информативни емисии*

### *Интервјуа*

На 1 април, во емисијата „Неделно интервју" гостуваше Селвер Ајдини, советник во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а темата на интервјуто беше мониторингот што се спроведува за време на севкупниот изборен процес. Во изданието на истата емисија од 7 април гостуваа: Дарко Алексов од НВО „Мост" и Џабир Дерала од НВО „Цивил", кои зборуваа за спецификите на својот ангажман во набљудувањето на изборниот процес.

### *Дебати*

Во емисијата „Аргумент", на 2 април беше организирана дебата чија основна тема беше – посетата на грчкиот премиер Алексис Ципрас, но значително време им беше отстапено и на изборните теми, а дебатираа: универзитетските професори Миљаим Фетаи и Фати Исени, и претставникот на НВО „Демокраси лаб" - Сефер Селими. На 9 април, во истата емисија, за досегашниот тек на претседателската кампања дебатираа: Нури Бајрами, член на Државната комисија за спречување на корупцијата, и аналитичарите Ибраим Мемети и Арбен Раткоцери.

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МР1)

### *Дневно-информативни емисии*

***Примерок:***

Централни вести во 15:30 часот (во недела терминот на Вестите е во 14 часот) и Радио 22 во 22 часот.

Анализирани се вкупно 18 дневноинформативни изданија, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 5 часа 9 минути и 52 секунди.

***Начин на известување:***

Вкупно 2 часа 7 минути и 41 секунда беа издвоени на известување за изборните кампањи, што е за речиси еден час помалку од времето кое што беше издвоено за другите теми и кое изнесуваше 3 часа 2 минути и 11 секунди. Седум прилози беа посветени на предвремените локални избори и тоа само за четворица од кандидатите за градоначалник на Охрид.

Во известувањето за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати има издвоено приближно исто време за активностите на двајца од кандидатите и нивните поддржувачи. За **Гордана Силјановска-Давкова – 20 минути и 6 секунди**, што заедно со поддршката од опозициската ВМРО ДПМНЕ од **15 минути и 51 секунди**, достигнува **вкупно – 35 минути и 57 секунди**; за **Стево Пендаровски – 19 минути и 10 секунди**, а заедно со изборните настапи на СДСМ од **7 минути и 56 секунди е вкупно – 37 минути и 6 секунди**; а за **Блерим Река – 8 минути и 44 секунди**, што заедно со поддршката од Алијансата за Албанците – **4 минути и 53 секунди**, и на Беса – **4 минути и 53 секунди**, дава **вкупно – 18 минути и 30 секунди** (Табела 1). Имено, времето во речиси сите прилози за Блерим Река беше поделено со Алијансата за Албанците и со Беса, чии лидери многу често беа дел од митинзите на Река. Честопати и на митинзите на Гордана Силјановска-Давкова, говореше лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, а на митингот во Кичево и Бетина Рауш, претседателката на политичката академија од редовите на Австриската народна партија. На конвенцијата на кандидатот Стево Пендаровски зборуваше и партискиот лидер Зоран Заев, а на неговата трибина во Прилеп, освен членови на СДСМ, учествуваа и граѓаните со свои мислења.

Во многу мал обем беше известувано за предвремените локални избори и тоа речиси подеднакво за сите четворица кандидати за градоначалник на Охрид. Ниту еден прилог не беше посветен за 5-от кандидат за градоначалник на Охрид, Џемал Мена од движењето „Беса".

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**Македонско радио 1**

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:14:52 | 11,64 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:18 | 1,02 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:20:06 | 15,74 | % |
| Стево Пендаровски | 00:29:10 | 22,84 | % |
| Блерим Река | 00:08:44 | 6,84 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:04:53 | 3,82 | % |
| Беса | 00:04:53 | 3,82 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:15:51 | 12,41 | % |
| СДСМ | 00:07:56 | 6,21 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Без субјекти | 00:01:24 | 1,10 | % |
| Други субјекти | 00:06:41 | 5,23 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:03:16 | 2,56 | % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:02:04 | 1,62 | % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:39 | 1,29 | % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:58 | 0,76 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:56 | 3,08 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:07:41** | **100** | **%** |
| **Други прилози** | | | |
| Собрание | 00:07:52 | 4,32 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:24:46 | 13,59 | % |
| Влада | 01:19:48 | 43,80 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:25:22 | 13,92 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:06 | 1,70 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:59 | 9,87 | % |
| Други субјекти | 00:08:59 | 4,93 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:37 | 1,44 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:23 | 2,95 | % |
| СДСМ | 00:02:10 | 1,19 | % |
| Судство | 00:00:13 | 0,12 | % |
| АРМ | 00:03:33 | 1,95 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:23 | 0,21 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:02:11** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **05:09:52** | | |

Во вестите 3 часа 2 минути и 11 секунди беа посветени на известување за актуелните настани од земјата и најчести беа следните теми: средбата меѓу премиерите на Северна Македонија и Грција Зоран Заев и Алексис Ципрас, разговорите на работните групи за предлог-законот за Јавно обвинителство, разни судски рочишта, тековни активности на Владата, меѓународни активности на Претседателот на Собранието Талат Џафери.

Беше известувано за редовните активности на Владата, со акцент на нејзината надворешна политика. Околу 1 час и 20 минути од вкупното време во другите прилози беше посветено на Владата.

Што се однесува до издвоеното време за директни обраќања на претседателските кандидати (Табела 2), за Гордана Силјановска-Давкова и за Стево Пендаровски има приближно исто време, а за Блерим Река многу малку – т.е. две обраќања во траење од вкупно 1 минута и 17 секунди. Од кандидатите за градоначалник на Охрид, само Константин Георгиески од СДСМ имаше едно директно обраќање. Најмногу директни обраќања имаа претставниците на Владата.

***<u>Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти</u>***

**Македонско радио 1**

| Субјекти | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада | 00:27:04 | 24,11 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:19:03 | 16,97 | % |
| Други субјекти | 00:03:26 | 3,06 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:51 | 1,65 | % |
| Стево Пендаровски | 00:21:37 | 19,25 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:17:42 | 15,77 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:01:56 | 1,72 | % |
| СДСМ | 00:04:44 | 4,22 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:41 | 5,06 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:06 | 0,98 | % |
| Блерим Река | 00:01:17 | 1,14 | % |
| АРМ | 00:01:14 | 1,10 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:01 | 4,47 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:34 | 0,50 | % |
| | **Вкупно: 01:52:16** | | |

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

### ***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 16 часот.

Анализирани се 9 изданија на Вестите, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 2 часа 8 минути и 5 секунди.

***Начин на известување:***

Вкупно 1 час 3 минути и 6 секунди беа издвоени на известување за изборните кампањи, што е околу половина од анализираното време во вестите. Повеќе прилози беа посветени на предвремените локални избори.

Известувањето за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати имаше мал интензитет (1 час 3 минути и 6 секунди), но беше забележливо настојувањето да се обезбеди приближно еднакво време за сите тројца претседателски кандидати. За активностите на **Гордана Силјановска-Давкова** беа издвоени **9 минути и 3 секунди** или заедно со поддршката од **ВМРО ДПМНЕ (4 минути и 55 секунди) – вкупно 13 минути и 58 секунди**; за Стево Пендаровски – **7 минути и 40 секунди**, што заедно со настапите на СДСМ (**4 минути и 7 секунди**) и на ДУИ (**4 минути и 38 секунди**) достигнува **16 минути и 25 секунди**, а Блерим Река самиот има **6 минути и 14 секунди**, на што се надоврзуваат времињата за Алијансата за Албанците (**3 минути и 48 секунди**) и за Беса (**3 минути и 31 секунда**) или вкупно **13 минути и 33 секунди** (Табела 1).

Беше известувано и за предвремените локални избори, и тоа за двајца од кандидатите за градоначалник во Охрид, Константин Георгиески (**3 минути и 27 секунди**) и Митре Милошевски (**3 минути и 47 секунди**), за кандидатите за градоначалник на Дебар, Арбен Аголи (**4 минути и 42 секунди**) и Хекуран Дука (**3 минути и 19 секунди**), а сосема накусо се известуваше и за кандидатот за градоначалник на Ново Село, Николчо Стоилков од ВМРО ДПМНЕ.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**МРА – албански јазик**

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Блерим Река | 00:06:14 | 9,88 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:03:48 | 6,02 | % |
| Беса | 00:03:31 | 5,57 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:09:03 | 14,34 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:55 | 7,79 | % |
| Стево Пендаровски | 00:07:40 | 12,15 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:38 | 7,34 | % |
| СДСМ | 00:04:07 | 6,52 | % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:04:42 | 7,45 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:03:27 | 5,47 | % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:47 | 6,00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:09 | 1,82 | % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:03:19 | 5,26 | % |
| Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:13 | 0,34 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:43 | 1,14 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:54 | 1,43 | % |
| Други субјекти | 00:00:56 | 1,48 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:03:06** | **100** | **%** |
| **Други прилози** | | | |
| Влада | 00:24:36 | 37,86 | % |
| Судство | 00:01:00 | 1,54 | % |
| Други субјекти | 00:04:17 | 6,59 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:18:54 | 29,08 | % |
| Собрание | 00:02:47 | 4,28 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:35 | 3,98 | % |
| СДСМ | 00:03:14 | 4,98 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:55 | 1,41 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:13 | 0,33 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:43 | 5,72 | % |
| Претседател | 00:01:02 | 1,59 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:11 | 1,82 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:32 | 0,82 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:04:59** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **02:08:05** | | |

Во вестите, 1 час 4 минути и 59 секунди беа посветени на известување за актуелните настани од земјата и тоа најчесто за: средбата Заев - Ципрас, разговорите на работните групи за предлог- законот за јавно обвинителство, судски рочишта, тековни активности на Владата и меѓународни активности на Претседателот на Собранието, Талат Џафери.

Беше известувано за редовните активности на Владата, со акцент на нејзината надворешна политика, што најдобро е илустрирано со вкупното време од 24 ипол минути во другите прилози - посветени на Владата и речиси 19 минути на ставката Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари.

Времето издвоено за директни обраќања на претседателските кандидати е премногу мало за да може методолошки оправдано да се коментира (Табела 2).

***<u>Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти</u>***

**МРА – албански јазик**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Блерим Река | 00:03:08 | 12,53 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:03:46 | 15,07 | % |
| Стево Пендаровски | 00:02:46 | 11,07 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:58 | 11,87 | % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:00:28 | 1,87 | % |
| Влада | 00:06:04 | 24,27 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:53 | 7,53 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:09 | 4,60 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:24 | 1,60 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:43 | 2,87 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:00:32 | 2,13 | % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:00:53 | 3,53 | % |
| СДСМ | 00:00:16 | 1,07 | % |

**Вкупно: 00:25:00**

# ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

## Терестријални телевизии

### АЛСАТ-М

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вести на албански јазик од 19:00 часот и на македонски јазик од 23:00 часот

Анализирани се 18 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 6 часа 4 минути и 30 секунди од кои жанровски најзастапени беа извештаите, но имаше и вести, соопштенија, изјави, интервјуа.

***Начин на известување:***

Во структурата на Вестите на Алсат - М од 19 часот и 23 часот, емитувани во периодот од 1 до 9 април, приоритет имаа актуелните политички случувања, редовните активности на Владата, економската состојба кои ги има за околу три часа повеќе отколку прилозите што беа непосредно поврзани со изборната кампања. Прилози за активностите на ДИК, митинзи, и средби со граѓани, беа емитувани со помал интензитет со вкупно времетраење од 1 час 29 минути и 56 секунди. Локалните избори во овој мониториран период, во централните информативни вести на албански и на македонски јазик, воопшто не беа присутни.

Во известувањето за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати беше обезбедено избалансирано известување за промотивните настапи на претседателските кандидати: политичката понуда на **Гордана Силјановска -Давкова** беше проследена со – **21 минута и 21 секунда**, на **Стево Пендаровски** со **21 минута и 16 секунди**, а на **Блерим Река** со **19 минути и 8 секунди**, со тоа што уредничкиот пристап на ТВ Алсат-М беше таков што се обиде да обезбеди за речиси сите кандидати снимки и директни обраќања од нивните активности како што покажуваат и податоците од Табела 1.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

**ТВ АЛСАТ-М**

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:09:16 | 10,30 | % |
| Блерим Река | 00:19:08 | 21,28 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:21:21 | 23,74 | % |
| Стево Пендаровски | 00:21:16 | 23,65 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:41 | 1,87 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:29 | 8,32 | % |
| Други субјекти | 00:01:16 | 1,41 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:44 | 0,82 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:47 | 3,09 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:22 | 0,41 | % |
| Алтернатива | 00:00:50 | 0,93 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:50 | 0,93 | % |
| СДСМ | 00:01:28 | 1,63 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:01:28 | 1,63 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:29:56** | **100** | **%** |
| Други прилози | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:34:25 | 12,53 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:30:18 | 11,04 | % |
| Други субјекти | 00:37:07 | 13,52 | % |
| Влада | 01:59:55 | 43,67 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Претседател на РМ | 00:04:03 | 1,48 | % |
| СДСМ | 00:08:34 | 3,12 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:19:31 | 7,11 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:59 | 3,27 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:27 | 1,26 | % |
| Без субјекти | 00:00:42 | 0,25 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:31 | 0,55 | % |
| Судство | 00:04:15 | 1,55 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:47 | 0,65 | % |
| **Вкупно за тема:** | **04:34:34** | **100** | % |
| **Вкупно:** | **06:04:30** | | |

Најмногу време е сумирано во ставката – Други прилози – 4 часа 34 минути и 34 секунди. Забележливо време им е посветено на редовните активности на Владата со цел информирање на граѓаните за редовните случувања во државата и надвор – 1 час 59 минути и 55 секунди, од кои најчести теми беа информациите во врска со: официјалната посета на грчкиот премиер Ципрас во Скопје, реакцијата од ВМРО-ДПМНЕ за неинтонирањето на државната химна за време на пречекот и образложението на Владата во однос на тоа, посетата на турскиот министер за одбрана во Скопје, барањето за екстрадиција на турски државјани, тензиите на границата со Грција поради мигрантите, непочитувањето на албанскиот јазик на веб страниците на министерствата. Освен ова, се информираше за предлог-законот за Јавното обвинителство, законските измени во здравството, договорот за укинување на роаминг меѓу земјите од регионот, ратификацијата на протоколот за зачленување на земјата во НАТО, детски додаток за сите семејства, банкнотите со новото име, бранот на иселување на администрацијата, актуелните судски случаи и ставовите на адвокатите кои учествуваат во нив. Алсат-М продолжи со спецификата да известува за теми што не беа непосредно врзани со дневните настани и случувања, а кои се од јавен интерес, како на пример прилозите: *„Лицата со попреченост без услови за слободно движење“*; *„Нема инфраструктура за оваа категорија граѓани“* и за проблемите со водоснабдувањето во Тетово – *„Граѓаните бараат итно решение за водата“*.

Алсат-М продолжи да го применува аналитичкиот пристап во информирањето за теми кои беа актуелни во текот на овие девет дена, кои ги контекстуализираше преку експертски гледишта, како на пример, посетата на Ципрас, реториката на претседателските кандидати, Предлог-законот за Јавно обвинителство, забелешките за буџетските корисници кои нерационално се однесуваат со јавните пари, барањето на Анкара, Македонија да ги уапси поддржувачите на Фетхула Ѓулен, разгледување на историски факти за да се елиминираат сегашните искривувања на фактите поврзани со историјата на Албанците, трошоците на општините.

***<u>Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти</u>***

**ТВ АЛСАТ-М**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:01:47 | 1,59 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:37 | 5,88 | % |
| Влада | 00:28:02 | 24,92 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:22:06 | 19,64 | % |
| Други субјекти | 00:09:30 | 8,44 | % |
| Блерим Река | 00:09:38 | 8,56 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:11:05 | 9,85 | % |
| Стево Пендаровски | 00:10:57 | 9,73 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:09 | 1,02 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:55 | 6,15 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:31 | 0,46 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:38 | 0,56 | % |

| | | |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:02:25 | 2,15 % |
| Локална самоуправа | 00:00:33 | 0,49 % |
| Граѓански сектор | 00:00:29 | 0,43 % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:08 | 0,12 % |
| | Вкупно: 01:52:30 | |

Во деветдневниот период, најмногу време кај директните обраќања имаше Владата, потоа експертските ставови. Времето за директните обраќања меѓу претседателските кандидати беше рамномерно распоредено на следниот начин: за Гордана Силјановска Давкова - 11 минути и 5 секунди, За Стево Пендаровски - 10 минути и 57 секунди и за Блерим Река - 9 минути и 38 секунди.

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во извештајниот период од 1 до 9 април 2019 година беа реализирани две интервјуа. Во емисијата "200" со Христијан Мицкоски (9 април), претседател на ВМРО-ДПМНЕ и во актуелно-информативната емисија "360 степени", со Радмила Шекеринска (5 април), вицепремиерка и министерка за одбрана, каде што беа опфатени и претседателските избори.

***Дебати***

На (4 април) во емисијата "Патот кон" гостуваа Едмонд Адеми, министер за дијаспора од СДСМ, Елми Азири, од Алијанса за Албанците и Лулзим Алиу, претставник на Алтернатива каде што тема на дебата беа претседателските избори.

***Други информативни емисии***

Во изданието на актуелно - информативна емисија "360 степени" од 1 април, во еден дел од емисијата беше реализирано кратко интервју со кандидатите за локалните избори во Охрид, Дебар и Ново Село.

ТВ АЛФА

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 17:30 часот и Вести од 22 часот.

Во периодот од 1 до 9 април, анализирани беа 18 изданија на Вестите на ТВ Алфа, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 5 часа 6 минути и 26 секунди, од кои 11 минути и 3 секунди беа одвоени за осврти/коментари.

***Начин на известување:***

Во дневно-информативните емисии, ТВ Алфа најчесто известуваше за актуелните дневни социјално-политички теми, новинарски главно обработени низ основните жанровски форми вест, вест во низа и извештај, а во одреден дел и аналитички со коментаторски извештаи, осврти и анализи. За изборните кампањи во вестите беа издвоени 2 часа и 18 минути, што е приближно еднакво на времето за другите релевантни теми во вестите. Во блокот вести посветен на изборите, беа покривани само претседателските избори, но не и вонредните локални избори во Охрид, Дебар и Ново Село.

ТВ Алфа во известувањето за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати обезбеди баланс, односно имаше приближно еднакво време за нивно претставување и тоа: **29 минути и 8 секунди за Гордана Силјановска-Давкова**; **27 минути и 39 секунди за Стево Пендаровски**; и **27 минути и 35 секунди за Блерим Река** (Табела 2). Во овој блок прилози, претежно беа пренесувани нивните активности во кампањата и делови од нивните митинзи, а известувањето на медиумот беше непристрасно. Што се однесува до распределбата на времето меѓу политичките партии, исто така беше распределено приближно еднакво време за владејачката СДСМ (14 минути и 17 секунди) и опозициската ВМРО ДПМНЕ (15 минути и 35 секунди), а произлегуваше од партиските активности во поддршка на претседателските кандидати т.е. нивното учество на митинзите. Во споредба со нив, за Беса т.е. Алијанса за Албанците, беше издвоено релативно помалку време (1 минута и 46 секунди за Беса и 1 минута и 12 секунди за Алијанса за Албанците).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Алфа**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:29:08 | 21.14 | % |
| Стево Пендаровски | 00:27:39 | 20.07 | % |
| Блерим Река | 00:27:35 | 20.02 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:04 | 1.50 | % |
| Беса | 00:01:46 | 1.28 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:01:12 | 0.87 | % |
| Други субјекти | 00:05:28 | 3.97 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:33 | 3.30 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:15:35 | 11.31 | % |
| СДСМ | 00:14:17 | 10.37 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:39 | 1.20 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:50 | 1.33 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:14 | 1.62 | % |
| Без субјекти | 00:00:54 | 0.65 | % |
| Влада | 00:00:57 | 0.69 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:57 | 0.69 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:17:48** | **100** | **%** |
| Влада | 01:22:31 | 52.36 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:39 | 4.85 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:47 | 0.50 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:01 | 13.34 | % |
| СДСМ | 00:03:50 | 2.43 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:51 | 5.62 | % |
| Други субјекти | 00:18:28 | 11.72 | % |
| Судство | 00:00:56 | 0.59 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:35 | 4.18 | % |
| АРМ | 00:00:43 | 0.45 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:38 | 2.94 | % |
| Собрание | 00:01:36 | 1.02 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:37:35** | **100** | **%** |

**Вкупно: 05:06:26**

За актуелните настани од земјата во вестите на ТВ Алфа беа посветени 2 часа 37 минути и 35 секунди и тоа на теми поврзани со реформите во здравството со фокус на приватизацијата, напредокот во преговорите за предлог- законот за Јавното обвинителство, мигрантската криза, контроверзната изјава на реисот на ИВЗ Сулејман Реџепи, но и за други актуелни теми посветени на судството, економијата и

земјоделиeто. За редовните активности на Владата беа одвоени 1 час 22 минути и 31 секунда, а претежно се однесуваа на прилози поврзани со доаѓањето на грчкиот премиер Алексис Ципрас во Скопје и неинтонирањето на химната при неговата посета, теми во врска со односите со Грција по потпишувањето на Преспанскиот договор, можноста за добивање датум за преговори со ЕУ и сл.

Од вкупното време на анализираните прилози, четири - со вкупно траење од 11 минути и 3 секунди, беа одвоени за категоријата осврти/коментари, два (со реприза во вестите од 22 часот) беа новинарски осврти за неинтонирањето на химната при доаѓањето на Ципрас во Скопје и тоа првиот под наслов „*Ципрас дочекан во Скопје без интонација на државните химни*" (и репризата на истиот прилог во вестите од 22 часот со наслов „*Намерен или случаен пропуст на Владата при пречекот на Ципрас?*"); и прилогот „*Не била проблем химната туку униформите на почесната гарда?!*" каде Телевизијата повторно се осврна на контроверзиите со неинтонирањето на химната, но и на менувањето на името на Владата и на институциите. Во овие коментари, ставот на медиумот е критички кон Владата.

Што се однесува до времето распределено за директните обраќања на кандидатите, за Гордана Силјановска-Давкова и Стево Пендаровски е одвоено еднакво време и тоа: 17 минути и 52 секунди за Силјановска; и 17 минути и 56 секунди за Пендаровски, додека за Блерим Река се одвоени 6 минути и 9 секунди (Табела 2). Диспропорцијата во директните обраќања на кандидатот Блерим Река е последица на специфичноста на природата на неговата кампања и известувањата од истата, а претежно од неговите митинзи се известуваше преку пренесени соопштенија.

***Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти***

**ТВ АЛФА**

| Субјекти | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:05:45 | 5.43 | % |
| Влада | 00:24:26 | 23.06 | % |
| Други субјекти | 00:07:10 | 6.76 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:21 | 8.82 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:17:52 | 16.86 | % |
| СДСМ | 00:08:07 | 7.66 | % |
| Стево Пендаровски | 00:17:56 | 16.92 | % |
| Блерим Река | 00:06:09 | 5.80 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:45 | 3.54 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:20 | 0.31 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:43 | 0.68 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:54 | 0.85 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:02 | 1.92 | % |
| Собрание | 00:01:28 | 1.38 | % |
| | **Вкупно: 01:45:58** | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во овој извештаен период интервјуата беа поместени во емисијата „Отворено" (со соодветна реприза наредното утро), каде на тема претседателски избори беа изведени интервјуа со претседателот на Државната изборна комисија Оливер Деркоски (3 април) и интервјуа со кандидатите Стево Пендаровски (8 април) и Блерим Река (9 април), додека интервјуто со кандидатката Силјановска ќе биде реализирано на 10 април т.е. надвор од првиот извештаен период.

**Дебати**

Емитувани беа три дебати во емисијата „Отворено", од кои две беа експлицитно посветени на теми околу претседателските избори. Во емисијата од 1 април, гости беа аналитичарите Владимир Божиновски,

Абдулади Весели и Петар Арсовски, а во емисијата од 3 април дебатираа аналитичарите Иванка Василевска и Алберт Муслиу. И двете дебати беа посветени на почетокот и очекувањата од изборната кампања.

## ТВ КАНАЛ 5

### *Дневно-информативни емисии*

***Примерок:***

Вести во 18:00 часот и кратки вести насловени Денот во 5 минути (емитувани по 23:00 часот во работни денови, а во 22:00 часот за време на викенд).

Анализирани се 18 изданија вести со вкупно времетраење на анализираните прилози од 3 часа 6 минути и 53 секунди.

***Начин на известување:***

Од вкупното времетраење на анализираните прилози во периодот од 1 заклучно со 9 април, нешто повеќе од една третина од времето (1 час 5 минути и 37 секунди) се однесува на известувањето за изборниот процес поврзан со Претседателските избори. За активностите на кандидатите за градоначалници на општините Охрид, Ново Село и Дебар, ТВ Канал 5 не известуваше.

Времето издвоено за претседателските кандидати беше генерално мало и може да се рече дека беше одвоено приближно еднакво време при известувањето за изборните активности на двајца од кандидатите: за **Стево Пендаровски** со одвоено време од **16 минути и 54 секунди** (во коешто методолошки влегува и прилогот со изјавите дадени од шефот на ИШ на Пендаровски, Александар Кирацовски пред изборната конвенција во Скопје) и **Гордана Силјановска-Давкова (14 минути и 18 секунди)**. За третиот претседателски кандидат **Блерим Река** беше одвоено помалку време (**9 минути и 1 секунда**) во анализираните изданија вести, што од една страна се должи на помалиот интензитет на неговата изборна кампања, а од друга страна, во извесна мера и на начинот на претставување на активностите на кандидатите (Табела 1). Дел од извештаите за активностите на Блерим Река, временски траат нешто пократко во споредба со информациите за теренските активности на неговите противкандидати и двете партии што нив ги поддржуваат, и дел се без негови директни обраќања. Медиумот во неколку наврати, за деновите кога Блерим Река немал планирано активности, го напоменува тоа во вестите.

Временската застапеност на трите политички партии што се појавуваат во темата Избори 2019, **СДСМ (6 минути и 4 секунди), ВМРО ДПМНЕ (4 минути и 28 секунди) и ДУИ 55 секунди,** главно се должи на активностите на партиските претставници како поддршка на двајцата претседателски кандидати, Стево Пендаровски (поддржан од СДСМ и ДУИ) и Гордана Силјановска-Давкова, поддржана од ВМРО ДПМНЕ. Во некои од извештаите за теренските активности на двајцата кандидати и двете големи партии што ги поддржуваат, со директни обраќања се појавуваат лидерите на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, Зоран Заев и Христијан Мицкоски.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Канал 5**

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:14:18 | 21,79 | % |
| Стево Пендаровски | 00:16:54 | 25,76 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:55 | 1,40 | % |
| Блерим Река | 00:09:01 | 13,74 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:03:45 | 5,72 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:10 | 1,78 | % |
| Други субјекти | 00:01:44 | 2,64 | % |
| СДСМ | 00:06:04 | 9,25 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:28 | 6,81 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:26 | 6,76 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:45 | 2,67 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:07 | 1,70 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:05:37** | 100 | % |
| Други прилози | | | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:08 | 8,36 | % |
| СДСМ | 00:05:47 | 4,77 | % |
| Влада | 00:43:50 | 36,15 | % |
| Други субјекти | 00:09:40 | 7,97 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:50 | 0,69 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:56 | 1,59 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:01 | 2,49 | % |
| Судство | 00:01:14 | 1,02 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:20:24 | 16,82 | % |
| Без субјекти | 00:04:00 | 3,30 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:25 | 1,99 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:38 | 2,17 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:09 | 10,84 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:38 | 1,35 | % |
| Собрание | 00:00:18 | 0,25 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:18 | 0,25 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:01:16** | 100 | % |
| | **Вкупно: 03:06:53** | | |

За другите настани од земјава кои беа предмет на анализа во двете изданија вести, одвоени се речиси две третини од вкупното времетраење на анализираните прилози, односно 2 часа 1 минута и 16 секунди. Најчесто во деветте анализирани дена се известуваше за преговорите околу Предлог-законот за Јавно обвинителство и иднината на СЈО, посетата на грчкиот премиер Ципрас на земјава, инцидентите со мигрантите во близина на грчко-македонската граница со видувања на нашите владини претставници, активностите поврзани со идното членство во НАТО, можните помилувања од страна на претседателот Иванов за осудените од настаните од 27 април 2017 година и др.

Застапеноста на Владата во темата „Други прилози" со повеќе од една третина во нејзиното вкупно време, се должи на известувањата за нејзините редовни активности, во најголем дел поврзани со погоре наведените теми.

Времето одвоено за директните обраќања на тројцата претседателски кандидати ја следи временската застапеност од известувањата за нивните изборни активности. За Стево Пендаровски и Гордана Силјановска-Давкова е одвоен приближно еднаков простор за директни обраќања, 9 минути и 51 секунда, односно 7 минути и 56 секунди, а за Блерим Река се одвоени 2 минути и 15 секунди (Табела 2). Дел од емитуваните извештаи за изборните активности на Блерим Река се емитувани без директни обраќања на кандидатот, при што неговите главни поенти од излагањата се дадени во прекажана форма, што најчесто не е случај при известувањето од активностите на другите двајца кандидати.

*Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти*

ТВ Канал 5

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:42 | 8,91 | % |
| Влада | 00:15:21 | 20,40 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:09 | 1,53 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:07:56 | 10,54 | % |
| Стево Пендаровски | 00:09:51 | 13,09 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:17 | 0,38 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:12 | 8,24 | % |
| СДСМ | 00:06:58 | 9,26 | % |
| Блерим Река | 00:02:15 | 2,99 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:01 | 11,98 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:53 | 1,17 | % |
| Други субјекти | 00:05:32 | 7,35 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:07 | 1,48 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:10 | 0,22 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:50 | 2,44 | % |
| | **Вкупно: 01:15:14** | 100 | % |

*Посебни информативни емисии*

***Интервјуа***

Во рамки на извештајниот период, во изданието на емисијата „Само вистина" од 1 април, се емитувани два разговора: со претседателот на Државната изборна комисија Оливер Дерковски, во врска со подготвеноста на ДИК за спроведување на претстојниот изборен процес; и со директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Зоран Трајчевски, во врска со мониторингот на медиумите во предизборниот период и во текот на изборната кампања.

***Дебати***

На тема Избори 2019 година, реализирани се пет дебати во рамки на емисијата „Само вистина", во кои ставовите ги сопоставија: аналитичарот Мерсел Биљали и универзитетскиот професор Јове Кекеновски (2 април); поранешната пратеничка од ВМРО ДПМНЕ Ѓулистана Марковска и претседателот на Светскиот македонски конгрес Тодор Петров (4 април); новинарите Љубиша Николовски и Тодор Пендаров (5 април); Костадин Костадинов од СДСМ и Дафина Стојановска од ВМРО ДПМНЕ (8 април); Арбен Таравари од Алијанса за Албанците и новинарот Љупчо Зиков (9 април).

***Други информативни емисии***

Во рамки на утринската програма „Здраво Македонијо", во изданијата емитувани на 1, 2, 5, 8 и 9 април, една од темите на којашто гледачите можеа да го изнесат својот став, беше поврзана со изборите.

ТВ СИТЕЛ

*Дневно-информативни емисии*

***Примерок:***

Дневник 1 во 19:00 часот и Дневник 2 во 23:00 часот.

Анализирани се 18 изданија вести со вкупно времетраење на анализираните прилози од 5 часа 54 минути и 13 секунди.

***Начин на известување:***

Во првиот извештаен период од изборната кампања, од вкупното времетраење на анализираните прилози, за изборниот процес се одвоени 2 часа 25 минути и 27 секунди. Известувањата поврзани со изборите се однесуваат на Претседателските избори. ТВ Сител не известуваше за активностите на кандидатите за градоначалници на општините Охрид, Ново Село и Дебар.

Може да се рече дека за **Стево Пендаровски (46 минути и 47 секунди)** и **Гордана Силјановска-Давкова (40 минути и 5 секунди)**, е одвоено приближно еднакво време при известувањето за нивните изборни активности, посебно ако се има предвид и времето одвоено во темата „Избори 2019" за политичките субјекти коишто застанаа зад нивните кандидатури: **СДСМ (11 минути и 55 секунди), ВМРО ДПМНЕ (19 минути и 34 секунди).** Најголем дел од времињата одвоени за овие два политички субјекти во оваа тема, се однесуваат на теренските активности на лидерите Зоран Заев и Христијан Мицкоски во насока на поддршка на нивните кандидати на митинзите и средбите што ги имаат со граѓаните, со одвоен значителен простор за нивно директно обраќање. Во најголем дел од случаите, за активностите на двајцата претседателски кандидати (Стево Пендаровски и Гордана Силјановска-Давкова) медиумот известуваше идентично, покривајќи ги најчесто настаните во живо, со репортери од терен, со директни обраќања на самите кандидати или на партиските лидери што ги придружуваа, што не беше применето при известувањето за активностите на претседателскиот кандидат **Блерим Река**. За неговите активности, во двете анализирани изданија вести, беа емитувани прилози со времетраење од **11 минути и 36 секунди**, што во споредба само со времињата одвоени за активностите на другите двајца кандидати е речиси за четири пати помалку од секој од нив. За оваа временска разлика свој удел во извесна мера има и помалиот обем активности на терен на кандидатот Блерим Река (за што медиумот во една-две прилики извести во вестите). Од друга страна пак, најголем дел од извештаите за активностите на Блерим Река, временски траат пократко во споредба со информациите за теренските активности на неговите противкандидати и двете партии што нив ги поддржуваат, и се најчесто без негово директно обраќање. Во еден прилог посветен на Река, одвоен е простор и за политичките субјекти што застанаа зад неговата кандидатура, **Алијанса за Албанците и Беса, двете застапени со по 1 минута и 7 секунди** во вестите.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Сител**

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Блерим Река | 00:11:36 | 7,98 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:40:05 | 27,56 | % |
| Стево Пендаровски | 00:46:47 | 32,16 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:19:34 | 13,45 | % |
| СДСМ | 00:11:55 | 8,19 | % |
| Беса | 00:01:07 | 0,77 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:01:07 | 0,77 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:29 | 2,39 | % |
| Други субјекти | 00:05:23 | 3,70 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:24 | 3,03 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:25:27** | 100 | % |
| Други прилози | | | |
| Влада | 01:05:45 | 31,49 | % |
| Без субјекти | 00:03:29 | 1,67 | % |
| Други субјекти | 00:32:59 | 15,80 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:19 | 0,63 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:31 | 5,04 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:48 | 6,61 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:25 | 1,64 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:05:36 | 2,68 | % |
| Претседател | 00:03:23 | 1,62 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:20:37 | 9,88 | % |
| Судство | 00:01:55 | 0,92 | % |
| Собрание | 00:03:31 | 1,68 | % |
| СДСМ | 00:11:19 | 5,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:31:09 | 14,92 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:28:46** | 100 | % |
| **Вкупно:** | **05:54:13** | | |

За другите настани од земјава кои беа предмет на анализа, одвоени се 3 часа 28 минути и 46 секунди. Во деветте анализирани дена, најчесто се известуваше за преговорите околу Предлог-законот за Јавно обвинителство и иднината на СЈО, посетата на грчкиот премиер Алексис Ципрас на земјава, реформските процеси неопходни за отпочнување преговори со ЕУ, инцидентите со мигрантите во близина на грчко-македонската граница со видувања на нашите владини претставници, активностите поврзани со идното членство во НАТО, можните помилувања од страна на претседателот Иванов за осудените од настаните од 27 април 2017 година и др.

За Владата, во оваа тема е издвоена речиси една третина во вкупното време, што се должи на известувањата за нејзините редовни активности.

Времето одвоено за директните обраќања на тројцата претседателски кандидати е следно: за Стево Пендаровски (21 минута и 18 секунди) е емитуван нешто поголем обем директни обраќања во споредба со Гордана Силјановска-Давкова (16 минути и 1 секунда). За Блерим Река се одвоени само 3 минути за директни обраќања (Табела 2). Најголем дел од емитуваните извештаи за изборните активности на Блерим Река се без директни обраќања на кандидатот, во прекажана форма.

***Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти***

**ТВ Сител**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:19:11 | 14,42 | % |
| Влада | 00:25:37 | 19,26 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:14 | 3,93 | % |
| Други субјекти | 00:11:01 | 8,28 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:54 | 2,18 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:16:01 | 12,04 | % |
| СДСМ | 00:10:07 | 7,61 | % |
| Стево Пендаровски | 00:21:18 | 16,01 | % |
| Блерим Река | 00:03:00 | 2,26 | % |
| Беса | 00:00:43 | 0,54 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:32 | 0,40 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:30 | 8,65 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:06 | 0,83 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:01 | 1,52 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:18 | 0,98 | % |
| Собрание | 00:01:28 | 1,10 | % |
| **Вкупно:** | **02:13:01** | | |

***Посебни информативни емисии***

***Дебати***

На тема Избори 2019 година, реализирана беше една дебатна расправа во рамки на емисијата „Детектор“ (7 април). Гости на програмата на ТВ Сител беа политичките аналитичари Петар Арсовски, Алберт Муслиу и Ирина Мангова (ИРИ).

***Други информативни емисии***

Во рамки на утринската програма од 1 април, во контактно-информативниот дел насловен „На дневен ред“, темата на којашто гледачите можеа да го изнесат својот став беше поврзана со изборите.

ТЕЛМА

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести/Дневници од 18:30 часот и од 21:30 часот.

Анализирани се 18 изданија со вкупно времетраење на методолошки издвоените прилози од 5 часа и 50 минути. Во периодот на мониторингот - од 1 до 9 април 2019 година, како своевиден рекапитулар на поентите од еднонеделните изборни карвани низ повеќе региони од државата, во деновите од викендот (6 и 7 април) ТВ Телма емитуваше два прилога со коментаторски и со репортажен приод (вкупно – 13 минути), преку кои се осврна и на (авто)сатиричните коментари кон лапсусите/гафовите во изборната кампања на кандидатите за претседател и на предизборниот амбиент во кој се одвива изборната агитација за градоначалник на Ново Село.

***Начин на известување:***

Изборите за претседател на државата претставуваа дел од уредувачките приоритети при распоредувањето на дневноинформативниот новинарски обмислен материјал. Приодот кон изборната кампања на секој од кандидатите за претседател ги земаше предвид основните информативни и аудиовизуелни критериуми за изработка стандарден, објективен новинарски извештај, а одржувањето јасна, објективна информативна дистанца беше дополнително нагласено и со тоа што редакцијата на ТВ Дневникот експлицитно посочуваше доколку некој претседателски (или градоначалнички) кандидат во дневната агенда воопшто немал изборни активности, а изборниот карван на друг кандидат, пак, во еден ден поминал повеќе градови/населени места. Бидејќи изборните агитации на претендентите за претседател речиси без исклучок се придружени и од лидерите на партиите/коалициите што застанаа во поддршка на нивната кандидатура, по тој начин – збирно, треба да се чита статистиката акумулирана од дневноинформативните прилози за изборниот процес емитувани во двете селектирани изданија на Дневникот. Оттаму - времето отстапено посебно за **Стево Пендаровски (22 минути и 48 секунди)** збирно со времето за СДСМ **(4 минути и 29 секунди)**, или **вкупно: 27 минути и 17 секунди**; - времето за **Гордана Силјановска-Давкова (18 минути и 23 секунди)** збирно со времето за ВМРО ДПМНЕ **(12 минути и 17 секунди)**, или **вкупно: 30 минути и 40 секунди**; а времето за **Блерим Река (13 минути и 33 секунди)** збирно со времињата за Алијансата за Албанците **(1 минута и 42 секунди)** и на Беса **(3 минути и 45 секунди)**, или **вкупно: 19 минути**. Овој медиумски резултат, како што е наведено во гореспоменатите општи белешки за новинарскиот информативен приод, сообразен е со интензитетот на кампањите што се спроведуваа на терен.

Тематски проширено, ТВ Телма ја следеше и работата на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК - чии активности се бележени во ставката – „*други субјекти*“) и на Државниот завод за

ревизија (ДЗР – „*орган на државната управа*") – пред сè во прилог на проверката за – потенцијалната злоупотреба државни ресурси во изборната кампања. Кога по директни обвинувања од опозициската ВМРО ДПМНЕ во тој контекст се проблематизираше претседателската кампања на Стево Пендаровски, тогаш редакцијата ги сопоставуваше ставовите на Зоран Заев (поради нагласеното двојство на неговите актуелни функции како – претседател на Владата и како претседател на СДСМ), и на Христијан Мицкоски, лидерот на најголемата опозициска партија. Во оваа методолошка рамка се толкуваат и ставките за субјектите: „*АРМ*"; „*Претседател на РСМ*"; „*Органи на државната управа*", и - „*Други субјекти*"– што се појавуваат во статистиката за прилозите методолошки издвоени во темата – „Избори 2019 г." (*на пример - евидентирани се прилози за активностите на ДКСК во врска со указите потпишани од претседателот Ѓорѓе Иванов - за именувања и за унапредувања во Армијата, а во тек на изборната кампања*).

За изборната кампања за градоначалници на Охрид, Дебар и Ново Село, информативната редакција известуваше кусо, преку збирни извештаи, почитувајќи го начелото на еднаков приод кон сите кандидати, давајќи им медиумско време и за директни обраќања (политички поенти илустрирани со тонски цитати).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Телма**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:48 | 3,66 | % |
| Стево Пендаровски | 00:22:48 | 17,39 | % |
| Блерим Река | 00:13:33 | 10,34 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:18:23 | 14,02 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:17 | 9,37 | % |
| Влада | 00:06:08 | 4,68 | % |
| Други субјекти | 00:05:06 | 3,89 | % |
| АРМ | 00:01:23 | 1,06 | % |
| Претседател на РСМ | 00:01:23 | 1,06 | % |
| ДИК и други органи | 00:10:52 | 8,29 | % |
| Беса | 00:03:45 | 2,86 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:01 | 6,11 | % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:10 | 1,65 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:02:10 | 1,65 | % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:02:10 | 1,65 | % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:02:10 | 1,65 | % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:02:10 | 1,65 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:01:42 | 1,30 | % |
| СДСМ | 00:04:29 | 3,42 | % |
| Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:10 | 0,89 | % |
| Никола Андонов (СДСМ) | 00:01:10 | 0,89 | % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:00:26 | 0,33 | % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:00:26 | 0,33 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:26 | 1,86 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:11:06** | **100** | **%** |
| Други субјекти | 00:22:46 | 11,05 | % |
| Влада | 01:17:52 | 37,78 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:31 | 7,04 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:35:50 | 17,39 | % |
| Без субјекти | 00:02:49 | 1,37 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:20 | 6,95 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:27 | 1,67 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:08 | 6,86 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:10 | 2,02 | % |
| СДСМ | 00:05:43 | 2,77 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:34 | 0,76 | % |
| Судство | 00:00:31 | 0,25 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:28 | 2,17 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:59 | 0,96 | % |
| Собрание на РСМ | 00:00:37 | 0,30 | % |
| Претседател на РСМ | 00:00:42 | 0,34 | % |
| АРМ | 00:00:39 | 0,32 | % |
| | **Вкупно за тема: 03:26:06** | **100** | **%** |
| | **Вкупно: 05:50:14** | | |

Дипломатската актуелност и важноста на билатералната средба предводена од премиерите Заев и Ципрас, во Скопје, и последователното, жанровски разновидно, континуирано известување за неа, во најголема мерка влијаеше за зачестеноста и за вкупниот обем медиумско присуство на Владата во дневноинформативните емисии. Но, во статистиката за субјектот *„Влада“*, влегоа и ангажманите на Министерството за внатрешни работи околу пожарите во повеќе региони од државата, како и неговите интервенции против илегалната миграција на границата со Република Грција. Во оваа ставка се бележени и појавувањата на Министерството за правда и/или на Премиерот при директната јавна полемика со опозициската ВМРО ДПМНЕ во врска со преговорите за предлог-законот за Јавното обвинителство, односно обидите да се најде решение за идниот статус на Специјалното јавно обвинителство. Дел од спомenатата статистика содржи и прилози за критики што домашната бизнис-заедница и различни претставници на т.н. „меѓународна заедница“ ги упатија за некоординираноста на економските и на финансиските политики на Владата, а дел прилози пак, произлегоа од тековните билатерални потпишувања протоколи за членство во НАТО.

***Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти***

**ТВ ТЕЛМА**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Стево Пендаровски | 00:10:33 | 9,12 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:08:26 | 7,29 | % |
| Блерим Река | 00:07:05 | 6,12 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:12 | 7,09 | % |
| Влада | 00:27:14 | 23,54 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:44 | 1,50 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:50 | 4,18 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:21 | 8,95 | % |
| Други субјекти | 00:07:30 | 6,48 | % |
| Беса | 00:00:53 | 0,76 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:59 | 0,85 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:23 | 8,97 | % |
| СДСМ | 00:02:09 | 1,86 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:32 | 0,46 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:44 | 4,96 | % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:33 | 1,34 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:01:25 | 1,22 | % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:01:36 | 1,38 | % |
| АРМ | 00:00:18 | 0,26 | % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:32 | 0,46 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:02:56 | 2,54 | % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:00:05 | 0,07 | % |
| Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:23 | 0,33 | % |
| Никола Андонов (СДСМ) | 00:00:19 | 0,27 | % |
| | **Вкупно: 01:55:42** | **100** | **%** |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

Изданието на актуелно-информативната емисија „Топ тема" од 9 април 2019 година, беше реализирано како интервју со Блерим Река, независниот кандидат за претседател поддржан од партиите - Алијанса за Албанците и Беса, кој освен на прашањата од Снежана Лупевска-Созен, водителката на емисијата што ги постави основните изборни теми (презентирани и во неговата изборна платформа), одговараше и на прашања од новинарите: Билјана Секуловска, Маријан Николовски и Џелал Незири.

***Дебати***

На тема – Избори 2019 година – ТВ Телма во периодот опфатен со мониторингот - од 1 до 9 април 2019 година, организираше четири дебати, емитувани под актуелно-информативниот наслов „Топ тема": - на 1 април, дебатата во прв план ги стави комуникациските аспекти од официјалниот почеток на изборните собири за претседател на државата, а дебатираа: комуникологот Петар Арсовски, новинарот Џелал Незири, и Петар Богојески, претставен како „активист на ВМРО ДПМНЕ"; - на 3 април, по слична тема, но со нагласка врз „применетите облици изборен маркетинг" гостуваа Сашо Пешев, претседател на Асоцијацијата на маркетинг агенции, Газменд Ајдини, експерт по комуникации, и Ира Бабиќ, експертка за маркетинг; - на 4 април, ТВ Телма ја организираше првата медиумска дебата меѓу кандидатите за претседател на државата – учествуваа сите претенденти: Силјановска-Давкова, Пендаровски и Река, а се дебатираше по однапред договорени правила, со медијација од новинар-водител; - на 8 април, дебатата се насочи кон политиколошките анализи и прогнози во врска со претседателските избори, а ставови соочија: Владимир Божиновски, Газменд Ајдини и Митко Гаџовски.

## Кабелски телевизии

### 1 ТВ

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Централен дневник во 20 часот и Вести на 1 ТВ во 23 часот.

Анализирани се 18 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 6 часа 37 минути и 54 секунди, од кои 5 минути и 49 секунди се кратки осврти на водителите на вестите поврзани со некои од прилозите.

***Начин на известување:***

Од вкупното времетраење на анализираните прилози, Изборите 2019 година беа застапени во 1 час 35 минути и 27 секунди. За локалните предвремени избори беше известувано во вкупно 5 прилози.

Во рамките на Централниот дневник беа емитувани 6 интервјуа, од кои едно се однесуваше на изборите, додека другите обработуваа разни политички и општествени теми. Соговорници во интервјуата беа: Ѓорѓи Филипов – поранешен амбасадор, претставничка од граѓанската организација Евротинк, Гордан Георгиев претставен како експерт/аналитичар, Имер Селмани во улога на експерт/аналитичар и почесен конзул на Албанија, Љубомир Ѓурчевски – поранешен началник на Бирото за јавна безбедност и Министерот за здравство Венко Филипче.

Времето посветено на известувањето за Претседателските избори е премногу мало за да се извлекуваат методолошки засновани оценки за балансот: за кандидатката **Гордана Силјановска - Давкова 6 минути и 30 секунди, за кандидатот Стево Пендаровски 5 минути и 41 секунда, а за кандидатот Блерим Река 3 минути и 27 секунди** (Табела 1). При известувањето на медиумот за Претседателските избори, во прилозите генерално се известуваше за сите кандидати подеднакво, разликата се јавува во еден прилог каде беа спротивставени тезите на кандидатите Гордана Силјановска Давкова и Стево Пендаровски (репризно емитуван во вестите во 23 ч.). Исто така, беше емитуван и еден прилог во кој беше пренесена изјавата на кандидатката Силјановска, во врска со нејзините ставови за Договорот од Преспа.

При известувањето за предвремените локални избори, во најголем дел се говореше за изборите во градот Охрид – со одделно претставување на кандидатите.

Времето посветено на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ е подеднакво, со оглед на тоа дека во рамките на известувањето за Претседателските избори, во прилозите беа застапени спротивставените ставови на двете најголеми политички партии во земјата.

Во времето посветено на темите за Претседателските избори, влегува и гостувањето на Имер Селмани во Централниот дневник (5 април), во кое говореше за поддршката која му ја дава на кандидатот Стево Пендаровски.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**1 ТВ**

| Избори 2019 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:13:16 | 13.90 % |
| Без субјекти | 00:00:31 | 0.54 % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:00:31 | 0.54 % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:31 | 0.54 % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:31 | 0.54 % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:00:31 | 0.54 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:00:31 | 0.54 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:06:30 | 6.81 | % |
| Стево Пендаровски | 00:05:41 | 5.95 | % |
| Блерим Река | 00:03:27 | 3.61 | % |
| Судство | 00:02:47 | 2.92 | % |
| Влада | 00:02:52 | 3.00 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:36 | 11.11 | % |
| СДСМ | 00:05:55 | 6.20 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:55 | 6.20 | % |
| Други субјекти | 00:21:47 | 22.82 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:50 | 4.02 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:16 | 4.47 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:20 | 2.44 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:09 | 3.30 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:35:27** | **100** | **%** |
| Други прилози | | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:52:16 | 17.62 | % |
| Влада | 01:23:13 | 28.06 | % |
| Други субјекти | 00:39:01 | 13.15 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:42 | 1.58 | % |
| Судство | 00:05:43 | 1.93 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:19:55 | 6.71 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:42:53 | 14.46 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:12 | 4.79 | % |
| Јавно обвинителство | 00:07:30 | 2.53 | % |
| Без субјекти | 00:02:40 | 0.90 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:12 | 2.43 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:18 | 1.45 | % |
| Претседател | 00:04:25 | 1.49 | % |
| АРМ | 00:03:01 | 1.02 | % |
| СДСМ | 00:04:45 | 1.60 | % |
| Собрание | 00:00:51 | 0.29 | % |
| | Вкупно за тема: 04:56:37 | 100 | % |

**Вкупно: 06:32:04**

За актуелните настани од земјата, беа издвоени 4 часа 56 минути и 37 секунди од вкупното времетраење на анализираните прилози. Во овој дел од дневно – информативните емисии, најчесто се известуваше за следните теми: ратификувањето на Протоколот за НАТО на земјава од страна на други земји, македонско – грчките бизнис релации, судските процеси поврзани со функционери како и судските процеси кои потекнуваат од истрагите на СЈО, пожарите, приближувањето на мигрантите кон македонската граница, барањата за амнестија од осудените за собраниските инциденти упатени до Претседателот Ѓорѓе Иванов.

За редовните активности на Владата, во дневно – информативните содржини кои не се однесуваат на Претседателските избори, беа издвоени 1 час 23 минути и 13 секунди. Во прилозите опфатени во оваа временска рамка најчесто се известуваше за следните теми: посетата на грчкиот Премиер Алексис Ципрас, преговорите на власта и опозицијата за новиот предлог - Закон за Јавно обвинителство, известувања и активности на МВР, средбите на министерот Никола Димитров со странските дипломати, односите Северна Македонија – НАТО, потпишувањето на договорот за укинување на роамингот со соседните земји, реакции и известувања за приближувањето на мигрантите кон македонската граница, одбележувањето на неделата посветена на НАТО во земјава, реакции од Министерството за правда во поглед на барањата за амнестија доставени до претседателот Ѓорѓе Иванов од страна на осудените за случајот 27 април и слично.

Во посоченото издвоено време за активностите на Владата, вклучено е гостувањето на Министерот за здравство Венко Филипче во Централниот дневник (7 април).

Времето посветено на активностите на Владата во темите кои се однесуваат на Претседателските избори, се должи на гостувањето на Премиерот Зоран Заев во емисијата „Печат на неделата“ (3 април) кое потоа во сегменти беше пренесувано во вестите. Во интервјуто тој говореше за очекувањата од изборите и за одлуката на ДИК да не дозволи емитување платено политичко рекламирање на медиумот.

Емитувани беа и пет кратки осврти на водителите на вестите, како вовед во прилозите што следуваат, а се однесуваат на: одлуката на ДИК да не дозволи емитување платено политичко рекламирање на 1 ТВ, посетата на грчкиот премиер Алексис Ципрас на земјава, како и за потребата од јасни пресуди за поединечни судски случаи со цел враќање на правната држава.

Во поглед на директните обраќања, најмногу време е посветено на претставници на Владата (38 минути и 31 секунда) односно на министрите, премиерот Зоран Заев како и на претставници на МВР. За директните обраќања на кандидатите Гордана Силјановска Давкова и Стево Пендаровски е издвоено приближно еднакво време, додека за кандидатот Блерим Река не е одвоено време за директно обраќање. Времето за директни обраќања на претставниците од ВМРО ДПМНЕ, главно се должи на прилозите со ставови, критики, реакции на партијата кон власта во врска со одредени актуелни општествено-политички случувања во коишто, како друга страна, се појавуваат претставници на Владата, претставници на органите на државна управа, претставници на Собранието од актуелните партии на власт (СДСМ и ДУИ).

***Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти***

**1 ТВ**

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:01:58 | 1.44 % |
| Стево Пендаровски | 00:01:30 | 1.10 % |
| Други субјекти | 00:15:41 | 11.52 % |
| Влада | 00:38:31 | 28.29 % |
| Локална самоуправа | 00:02:08 | 1.57 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:27 | 8.41 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:52 | 3.57 % |
| Експерти/аналитичари | 00:38:27 | 28.24 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:18 | 5.36 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:21 | 2.46 % |
| Граѓански сектор | 00:03:44 | 2.74 % |
| СДСМ | 00:03:50 | 2.82 % |
| Судство | 00:00:32 | 0.39 % |
| Собрание | 00:01:00 | 0.73 % |
| ДИК и други органи | 00:00:14 | 0.17 % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:00:15 | 0.18 % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:31 | 0.38 % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:00:20 | 0.24 % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:19 | 0.23 % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:00:11 | 0.13 % |
| | **Вкупно: 02:16:09** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во текот на анализираниот период, во рамки на информативните целини „Отворено студио 1“ и „Печат на неделата“ беа емитувани три интервјуа во кои Претседателските избори се провлекуваа како

тема на разговор, а беа реализирани со: кандидатот за претседател Блерим Река (1 април), премиерот Зоран Заев (3 април) и универзитетскиот професор Љубомир Фрчковски (5 април).

*Дебати*

Во рамки на тематската целина „Отворено студио 1" беше реализирана една дебатна емисија насловена: „*Долга прва недела на претседателската кампања*" (8 април), а во неа гостуваа Џабир Дерала од граѓанската организација „Цивил" и претседателот на Демократската партија – Павле Трајанов.

Исто така, во анализираниот период беше репризирана дебата премиерно емитувана во роденденското издание на Централниот дневник (31 март), а во неа гостуваа шефот на Изборниот штаб на Гордана Сиљановска - Давкова – Игор Јанушев и шефот на Изборниот штаб на Стево Пендаровски – Александар Кирацовски. Темата беше: „*Каква кампања не очекува на претстојните претседателски избори?*".

*Други информативни емисии*

Во првата половина од изборната кампања беа емитувани 3 информативни програми кои се однесуваат на теми поврзани со изборите. Во оваа категорија се вбројува делот од „Отворено студио 1" кој е наречен „Граѓански форум" и е наменет за телефонски јавувања на гледачите кои, пак, дебатираат на различни општествени и политички теми, како и директните вклучувања на новинарите од места и настани кои се актуелни во тековниот ден.

На 1 април, во рамките на „Отворено студио 1" беа остварени директни вклучувања од местата на кои секој од кандидатите за претседател ја започнаа кампањата за изборите.

На 3 април, во „Отворено студио 1" беше проследено директно вклучување од прес – конференцијата на Државната комисија за спречување на корупција, во врска со евентуалните прекршувања за време на изборната кампања.

Во информативниот дел насловен „Граѓански форум" (5 април), темата за дискусија со гледачите кои се вклучуваат во студиото преку телефонските линии гласеше: „*Почна изборната кампања ама и алергиските реакции на граѓаните*".

*Други емисии*

Во програмите што не се поврзани со изборите, во забавната емисија „Ексклузив" (9 април) беше премиерно емитувано интервју со кандидатот за претседател Стево Пендаровски, во кое тој говореше за својот приватен живот.

***Белешка:*** Во анализираниот период, беа емитувани два спота насловени како „(Не)платена политичка програма". Спотовите беа емитувани неколку пати дневно, а се однесуваат на одлуката на ДИК да не дозволи на 1 ТВ да се емитува платено политичко рекламирање, поради доцнење со доставување на ценовникот. Во спотовите, беа прикажани членовите на ДИК како и извадоци од Изборниот законик преку чие толкување медиумот се обидува да докаже дека ДИК нема такви ингеренции.

**ТВ 21-М**

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Дневник 1 во 18:30 часот и Дневник 2 (во работни денови во 23:00, а за викенд во 22:00 часот).

Во 18-те изданија на вестите, анализирани се прилози со вкупно траење од 4 часа 38 минути и 1 секунда.

***Начин на известување:***

Од вкупното времетраење на анализираните прилози во двете изданија вести на ТВ 21 М, безмалку половина (2 часа 1 минута и 25 секунди) беше одвоено за информациите поврзани со изборниот процес, во најголем дел посветени на претседателските избори и мал дел на локалните избори.

ТВ 21 редовно известуваше за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати, а беше обезбедено приближно еднакво време за известување од нивните активности. За предизборните кампањи и средби со граѓаните на кандидатот **Стево Пендаровски** беа одвоени **22 минути и 42 секунди**, за активностите на **Блерим Река 22 минути и 4 секунди**, и за третиот претседателски кандидат **Гордана Силјановска-Давкова - 19 минути и 45 секунди** (Табела 1). За тројцата кандидати медиумот известуваше идентично, најчесто со снимки од митинзи и тонски записи од нивните директни обраќања. Во овој дел, методолошки е приклучен и делот од известувањето за политичките партии во активностите за поддршка на некој од кандидатите: за Силјановска- Давкова - ВМРО ДПМНЕ (**6 минути и 4 секунди**), за Пендаровски - СДСМ (**5 минути и 55 секунди**) и ДУИ (**3 минути и 48 секунди**), за Река - Беса и Алијанса за Албанците (**по 45 секунди**).

За изборите за градоначалник ТВ 21 М известуваше само за активностите на кандидатите за градоначалник на Дебар, Хекуран Дука од ДУИ и Арбен Аголи од Алијанса за Албанците, со мал обем на информации при што за двајцата кандидати е одвоен идентичен простор за презентација во вестите.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

**ТВ 21 - М**

| Избори 2019 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Блерим Река | 00:22:04 | 18.17 % |
| Стево Пендаровски | 00:22:42 | 18.70 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:19:45 | 16.27 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:04 | 5.00 % |
| ДИК и други органи | 00:02:24 | 1.98 % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:23 | 7.73 % |
| Влада | 00:02:30 | 2.06 % |
| Беса | 00:00:45 | 0.62 % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:45 | 0.62 % |
| СДСМ | 00:05:55 | 4.87 % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:37 | 0.51 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:48 | 1.48 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:21 | 3.58 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:19 | 1.08 % |
| Други субјекти | 00:03:05 | 2.54 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:02 | 4.15 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:48 | 3.13 % |
| Алтернатива | 00:01:24 | 1.15 % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:01:24 | 1.15 % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:03:10 | 2.61 % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:03:10 | 2.61 % |
| | **Вкупно : 02:01:25** | **100 %** |
| Други прилози | | |
| СДСМ | 00:06:10 | 3.94 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:46 | 14.54 % |
| Собрание | 00:02:27 | 1.56 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:53 | 1.84 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада | 00:45:56 | 29.33 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:14 | 6.53 | % |
| Други субјекти | 00:10:51 | 6.93 | % |
| Без субјекти | 00:04:15 | 2.71 | % |
| Претседател | 00:02:49 | 1.80 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:43 | 17.06 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:11 | 3.31 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:21 | 8.52 | % |
| АРМ | 00:01:41 | 1.07 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:19 | 0.84 | % |
| | **Вкупно : 02:36:36** | **100** | **%** |
| | **Вкупно: 04:38:01** | | |

Темата „Други прилози" се однесува на информациите поврзани со актуелните случувања во земјата неповрзани со изборниот процес. Во оваа тема, медиумот најчесто известуваше за: средбата Ципрас - Заев во Скопје и активностите поврзани со неа, за партиските преговори околу предлог - законот за Јавно обвинителство и иднината на Специјалното јавно обвинителство, активностите поврзани со идното членство во НАТО, неизвесноста околу добивањето на датумот за преговори со ЕУ и друго. Владата е најзастапена во овие прилози (45 минути и 56 секунди).

Во однос на директните обраќања, најмногу време е одвоено за Владата (Табела 2) поради бројните активности на министерствата и нејзините претставници. За тројцата претседателски кандидати, одвоено е речиси еднакво време за директни обраќања: за Блерим Река се одвоени - 9 минути и 11 секунди, за Стево Пендаровски - 8 минути и 37 секунди и за Гордана Силјановска-Давкова - 7 минути и 59 секунди.

За двајцата кандидати за градоначалник на Дебар за кој што известуваше ТВ 21 е одвоено речиси идентично време за директно обраќање.

***<u>Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти</u>***

**ТВ 21 – М**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Блерим Река | 00:09:11 | 10.35 | % |
| Стево Пендаровски | 00:08:37 | 9.71 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:07:59 | 9.00 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:05 | 7.98 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:14 | 5.90 | % |
| Влада | 00:14:17 | 16.10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:34 | 8.53 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:55 | 3.29 | % |
| Беса | 00:00:14 | 0.26 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:15 | 0.28 | % |
| СДСМ | 00:04:18 | 4.85 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:36 | 1.80 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:53 | 2.12 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:40 | 0.75 | % |
| Други субјекти | 00:06:20 | 7.14 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:12 | 1.35 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:24 | 7.21 | % |
| Собрание | 00:00:30 | 0.56 | % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:01:14 | 1.39 | % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:01:16 | 1.43 | % |
| | **Вкупно: 01:28:44** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

Во извештајниот период беа емитувани 6 интервјуа. На теми поврзани со Претседателските избори 2019 година, реализирани се 3 интервјуа со: Бојан Кордалов - експерт за ПР маркетинг (1 април во емисијата „10 минути"), Мендух Тачи - претседател на ДПА (1 април во "Клик Плус"'), Стево Пендаровски - кандидат за претседател (7 април во "Неделно интервју на Радио Слободна Европа).

***Дебати***

Емитувани беа 2 дебатни емисии поврзани со изборите. Во една емисија на тема Претседателските избори 2019 дискутираа аналитичарите Алберт Муслиу, Владимир Божиновски и Агим Јонуз (4 април). Реприза од емисијата беше емитувана на 5 април. На 8 април на тема „Локалните избори во Дебар" дебатираа кандидатите за градоначалник на Дебар, Хекуран Дука -ДУИ и Арбен Аголи – Алијанса за Албанците.

КЛАН МАКЕДОНИЈА

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 18:30 часот и Вести во 23:30.

Анализирани се 18 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 4 часа 17 минути и 8 секунди.

***Начин на известување:***

Повеќе од половина од вкупното времетраење на анализираните прилози во двете изданија вести на ТВ Клан Македонија (2 часа 16 минути и 43 секунди), е одвоено за информациите поврзани со изборните процеси, од кои мал дел беа за локалните избори.

Телевизијата редовно известуваше за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати и обезбеди приближно еднакво време за известување од нивните активности. За предизборните кампањи и средби со граѓаните на **Стево Пендаровски** беа одвоени **19 минути и 32 секунди**, за **Блерим Река - 15 минути и 25 секунди**, а за **Гордана Силјановска-Давкова - 14 минути и 43 секунди**. За тројцата кандидати медиумот известуваше истоветно, најчесто со снимки од митинзи и тонски записи од нивните директни обраќања. На ова време се надоврзува и партиската поддршка за тројцата кандидати: за **Силјановска- Давкова - ВМРО ДПМНЕ (11 минути и 32 секунди)**, за **Пендаровски - СДСМ (5 минути и 14 секунди) и ДУИ (10 минути и 52 секунди)**, за **Река - Беса (5 минути и 44 секунди) и Алијанса за Албанците (6 минути и 31 секунда)**.

За локалните избори, медиумот во мал обем известуваше само за активностите на Арбен Аголи од Алијанса за Албанците кој е кандидат за градоначалник на Дебар.

На 1 април во рамките на вестите во 18:30 беше реализирано интервју со Талат Џафери – претседател на Собранието, кое беше репризирано во вечерното издание на вестите.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Клан Македонија**

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:14:43 | 10.76 | % |
| Стево Пендаровски | 00:19:32 | 14.29 | % |
| Блерим Река | 00:15:25 | 11.28 | % |
| Собрание | 00:20:05 | 14.69 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:57 | 4.35 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:10:52 | 7.95 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:06:31 | 4.77 | % |
| Беса | 00:05:44 | 4.19 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:32 | 8.44 | % |
| СДСМ | 00:05:14 | 3.83 | % |
| Други субјекти | 00:04:00 | 2.93 | % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:02:51 | 2.08 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:14 | 3.10 | % |
| Алтернатива | 00:02:34 | 1.88 | % |
| Без субјекти | 00:02:28 | 1.80 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:01 | 3.67 | % |
| | **Вкупно: 02:16:43** | **100** | % |
| **Други прилози** | | | |
| Влада | 00:47:45 | 39.65 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:28:23 | 23.57 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:19 | 2.75 | % |
| СДСМ | 00:05:26 | 4.51 | % |
| Други субјекти | 00:12:18 | 10.21 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:26 | 6.17 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:44 | 3.93 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:06 | 5.90 | % |
| Без субјекти | 00:03:16 | 2.71 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:42 | 0.58 | % |
| | **Вкупно : 02:00:25** | **100** | % |
| | **Вкупно: 04:17:08** | | |

Во категоријата „Други прилози" е прибележано информирањето за другите актуелни општествено-политички теми, со тоа што најчесто се известуваше за: средбата меѓу македонскиот и грчкиот премиер, Заев и Ципрас, преговорите меѓу партиите за судбината на СЈО во идниот закон за Јавно обвинителство, активностите околу членството во НАТО и друго. Владата, со 47 минути и 45 секунди, е најзастапена меѓу субјектите во овој дел од вестите.

Во однос на директните обраќања (Табела 2), за тројцата претседателски кандидати е одвоено речиси еднакво време: за Блерим Река - 5 минути и 58 секунди, за Стево Пендаровски - 4 минути и 55 секунди и за Гордана Силјановска-Давкова - 4 минути и 28 секунди. Кандидатот за градоначалник на Дебар од Алијанса за Албанците - Арбен Аголи, публиката можеше да го чуе преку директни обраќања од 1 минута и 4 секунди.

***Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти***

**ТВ Клан Македонија**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Собрание | 00:14:55 | 16.88 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:22 | 10.60 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Стево Пендаровски | 00:04:55 | 5.56 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:58 | 5.62 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:54 | 5.54 | % |
| Влада | 00:10:59 | 12.43 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:17 | 0.32 | % |
| Блерим Река | 00:05:58 | 6.75 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:02:52 | 3.24 | % |
| Беса | 00:02:46 | 3.13 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:04:28 | 5.05 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:54 | 5.54 | % |
| СДСМ | 00:02:59 | 3.38 | % |
| Други субјекти | 00:03:52 | 4.37 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:08 | 3.55 | % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:01:04 | 1.21 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:36 | 1.81 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:28 | 2.79 | % |
| Алтернатива | 00:01:58 | 2.23 | % |
| | **Вкупно: 01:28:23** | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

***Дебати***

Во едно издание на емисијата „Уметност на финансирање“ (4 април), каде главна тема на дебатата меѓу Билјана Ивановска - претседателка на ДКСК, Нури Бајрами - член на ДКСК, Џелал Незири- аналитичар и Џабир Дерала, НВО „Цивил“, беше работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во еден дел се зборуваше за улогата на Антикорупциската комисија за претседателските и локалните избори.

***Други информативни емисии***

Во 2 изданија на информативната емисија „99 минути“, имаше интервјуа поврзани со Претседателските избори 2019 година. На 3 април со Талат Џафери, претседател на Собранието на РСМ (станува збор за интервјуто реализирано на 1 април во вестите во 18:30), а другото на 8 април со Џелал Зејнели, аналитичар и професор.

## ТВ СОНЦЕ

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 18 часот и во 22 часот.

Анализирани се 18 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 3 часа 21 минута и 58 секунди.

***Начин на известување:***

Вкупно 57 минути и 49 секунди беа издвоени за информации поврзани со претседателските и локалните избори, односно помалку од времето кое што беше издвоено за другите актуелности. Само два прилога беа посветени на предвремените локални избори.

За кампањите на кандидатите за претседател на државата беше известувано со мал интензитет така што не може да се дадат методолошки оправдани оценки за балансот. За активностите на **Гордана Силјановска-Давкова** беа издвоени **11 минути и 5 секунди**, за **Стево Пендаровски – 13 минути и 13 секунди**, а за **Блерим Река 4 минути и 52 секунди** (Табела 1).

И во овој извештаен период клучната специфичност за известувањето во Вестите на ТВ Сонце и натаму беше високата застапеност на писмените реакции на партијата **Македонска алијанса**, односно на нејзиниот претседател Ѓорѓија Џорџ Атанасоски (сопственик на ТВ Сонце) за кои е издвоено **12 минути и 58 секунди** од вкупното време за известување за изборите и **24 минути и 19 секунди** во другите прилози од вестите (**вкупно 37 минути и 17 секунди**). Всушност ова беше единствената политичка партија, чии ставови беа пренесувани во Вестите. Во нејзините писмени реакции беа користени погрдни зборови за кандидатот Стево Пендаровски („несреќниот"), а исто така, беше потенцирано дека на овие избори не се избира претседател, туку се легитимира предавство, а не постојат ни надпартиски, ни независни претседателски кандидати.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

**ТВ СОНЦЕ**

| Избори 2019 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:11:05 | 19,17 % |
| Стево Пендаровски | 00:13:13 | 22,86 % |
| Блерим Река | 00:04:52 | 8,42 % |
| Никола Андонов (СДСМ) | 00:00:20 | 0,58 % |
| Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:20 | 0,58 % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:00:20 | 0,58 % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:00:20 | 0,58 % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:00:20 | 0,58 % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:00:20 | 0,58 % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:20 | 0,58 % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:20 | 0,58 % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:00:20 | 0,58 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:30 | 4,32 % |
| Други субјекти | 00:01:47 | 3,08 % |
| Македонска алијанса | 00:12:58 | 22,43 % |
| Граѓански сектор | 00:01:05 | 1,87 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:14 | 7,32 % |
| ДИК и други органи | 00:03:05 | 5,33 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:57:49** | **100 %** |
| Други прилози | | |
| Влада | 00:56:25 | 39,14 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:39:23 | 27,32 % |
| Македонска алијанса | 00:24:19 | 16,87 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:02 | 2,80 % |
| Други субјекти | 00:06:04 | 4,21 % |
| Граѓански сектор | 00:02:32 | 1,76 % |
| Судство | 00:06:10 | 4,28 % |
| Специјално обвинителство | 00:04:24 | 3,05 % |
| АРМ | 00:00:50 | 0,58 % |
| **Вкупно за тема:** | **02:24:09** | **100 %** |
| **Вкупно:** | **03:21:58** | |

Во вестите, 2 часа 24 минути и 9 секунди беа посветени на известување за актуелните настани од земјата и најчести беа следните теми: средбата Заев - Ципрас, разговорите на работните групи за предлог-

законот за Јавно обвинителство, судски рочишта, тековни активности на Владата, со акцент на нејзината надворешна политика.

Малку време беше издвоено за директни обраќања на претседателските кандидати. Кандидатот за претседател, Блерим Река немаше ниту едно директно обраќање, за Силјановска-Давкова беа одвоени 2 минути и 48 секунди, а за Пендаровски 4 минути и 4 секунди. Кандидатите за градоначалници немаа ниту едно директно обраќање. Најмногу време за директни обраќања беше одвоено за претставниците на Владата – 21 минута и 50 секунди.

***Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти***

ТВ СОНЦЕ

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:02:48 | 7,78 % |
| Стево Пендаровски | 00:04:04 | 11,30 % |
| Влада | 00:21:50 | 60,65 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:04 | 14,07 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:38 | 1,76 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:36 | 4,44 % |
| **Вкупно:** | **00:36:00** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

На 9 април, во рамките на емисијата „Јади бурек", имаше интервју со Александар Николовски од ВМРО ДПМНЕ, во кое тој зборуваше за Преспанскиот договор, кампањите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ за претседателските избори, како и за кандидатката за претседателка на државата поддржана од ВМРО ДПМНЕ - Гордана Силјановска Давкова.

ТВ ШЕЊА

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 18:55 часот и во 21:55.

Анализирани се 16 изданија на Вестите со вкупно времетраење на анализираните прилози од 4 часа 28 минути и 22 секунди (за викенд ТВ Шења не емитуваше второ издание на вести).

***Начин на известување:***

За информациите поврзани со изборите ТВ Шења издвои 1 час 18 минути и 52 секунди. Одвоеното време за активностите на претседателските кандидати беше распределено на следниов начин: за **Стево Пендаровски - 18 минути и 17 секунди**; за **Гордана Силјановска-Давкова - 17 минути 49 секунди** и за **Блерим Река - 14 минути и 37 секунди**. За тројцата кандидати медиумот известуваше речиси идентично, најчесто со снимки од митинзи и тонски записи од нивните директни обраќања.

Во овој период медиумот не известуваше за активностите од изборните кампањи за градоначалник.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ Шеења**

| Избори 2019 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:03:04 | 3.89 % |
| Влада | 00:05:25 | 6.87 % |
| ДИК и други органи | 00:07:15 | 9.19 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:17:49 | 22.59 % |
| Стево Пендаровски | 00:18:17 | 23.18 % |
| Блерим Река | 00:14:37 | 18.53 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:36 | 2.03 % |
| Други субјекти | 00:05:03 | 6.40 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:21 | 2.98 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:25 | 4.33 % |
| **Вкупно за тема:** | **01:18:52** | **100 %** |
| **Други прилози** | | |
| Судство | 00:02:00 | 1.06 % |
| Влада | 00:56:29 | 29.81 % |
| СДСМ | 00:13:33 | 7.15 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:18:01 | 9.51 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:55:08 | 29.09 % |
| Други субјекти | 00:23:25 | 12.36 % |
| Јавно обвинителство | 00:04:56 | 2.60 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:42 | 1.95 % |
| Алтернатива | 00:00:51 | 0.45 % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:21 | 3.35 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:34 | 1.88 % |
| Собрание | 00:01:30 | 0.79 % |
| **Вкупно :** | **03:09:30** | **100 %** |
| **Вкупно:** | **04:28:22** | |

Во категоријата „Други прилози", што се однесува на информациите поврзани со другите случувања во земјата кои не беа поврзани со изборниот процес, вброени се прилози со траење од 3 часа 9 минути и 30 секунди. Во оваа категорија прилози медиумот најчесто известуваше за: средбата Ципрас - Заев во Скопје и информациите поврзани со неа, за преговорите околу Предлог - законот за Јавно обвинителство во контекст на иднината на Специјалното јавно обвинителство, активностите поврзани со идното членство во НАТО, неизвесноста околу добивањето датум за преговори со ЕУ и друго. Оттаму, најзастапени субјекти во оваа категорија се Владата (56 минути и 29 секунди) и амбасадорите/странски политичари (55 минути и 8 секунди).

Времето за директно пренесените изјави од претседателските кандидати е распоредено така што Стево Пендаровски има 5 минути и 37 секунди, Гордана Силјановска-Давкова - 5 минути и 38 секунди, и Блерим Река 2 минути и 34 секунди. Најмногу време за директни обраќања е издвоено за Владата - 15 минути и 23 секунди (Табела 2).

***Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти***

**ТВ Шеења**

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:04:15 | 7.41 % |
| Влада | 00:15:23 | 26.81 % |
| Стево Пендаровски | 00:05:37 | 9.79 % |
| Блерим Река | 00:02:34 | 4.47 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:07 | 15.89 | % |
| СДСМ | 00:02:43 | 4.73 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:16 | 7.44 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:06 | 1.92 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:47 | 3.11 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:05:38 | 9.82 | % |
| Други субјекти | 00:04:28 | 7.78 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:29 | 0.84 | % |
| | **Вкупно: 00:57:23** | **100** | **%** |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Дебати***

Во овој извештаен период се емитуваше една дебата. Во актуелно - информативната емисија "Отворено студио" на тема - Претседателските избори 2019 година, дискутираа аналитичарите Имер Селмани и Исен Салиу (3 април).

САТЕЛИТСКА ТЕЛЕВИЗИЈА

ТВ 24 ВЕСТИ

*Дневно-информативни емисии*

***Примерок:***

Дневник во 17:00 часот и Дневник во 22:30 часот (во деновите на викендот - изданието во 22.00 часот).

Анализирани се 18 изданија вести со вкупно времетраење на анализираните прилози од 5 часа 39 минути и 38 секунди.

***Начин на известување:***

За активностите на кандидатите за претседател, за активностите на градоначалничките кандидати и за другите сегменти од изборните процеси, ТВ 24 Вести издвои 1 час 38 минути и 29 секунди, што е нешто повеќе од една четвртина од вкупното времетраење на анализираните прилози во двете изданија вести. Во прилозите поврзани со изборите, доминираат информациите за активностите околу Претседателските избори. За активностите на кандидатите за градоначалници на општините Охрид, Ново Село и Дебар медиумот извести кратко, во неколку наврати, најчесто преку збирни извештаи за сите кандидати или по општини.

Речиси идентично време е одвоено за предизборните активности на двајцата претседателски кандидати, **Стево Пендаровски (25 минути и 23 секунди)** и **Гордана Силјановска-Давкова (25 минути и 33 секунди)**. За третиот претседателски кандидат **Блерим Река** е одвоено помалку време (**18 минути и 13 секунди**) во споредба со другите кандидати, што од една страна се должи на помалиот интензитет на неговата изборна кампања. Од друга страна пак, во деновите кога се известува за активностите на Блерим Река, извештаите временски траат често нешто пократко во споредба со информациите за неговите противкандидати и не се секогаш проследени со директно обраќање, туку дел од неговите ставови изнесени на митинзите и средбите со граѓаните се пренесени во прекажана форма. За теренските активности на партиските лидери како поддршка на претседателските кандидати е издвоено: **за СДСМ - 4 минути и 52 секунди, за ВМРО ДПМНЕ - 6 минути и 7 секунди, и за Беса и за Алијанса за Албанците - по 40 секунди.** Поддршка за кандидатурата на Стево Пендаровски дадоа и Сојузот на Ромите и ПЦЕР, за што извести медиумот (Табела 1).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

**ТВ 24 Вести**

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:25:33 | 25,94 | % |
| Стево Пендаровски | 00:25:23 | 25,77 | % |
| Блерим Река | 00:18:13 | 18,50 | % |
| СДСМ | 00:04:52 | 4,94 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:07 | 6,21 | % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:40 | 0,68 | % |
| Беса | 00:00:40 | 0,68 | % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:35 | 1,61 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:01:35 | 1,61 | % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:48 | 0,81 | % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:00:48 | 0,81 | % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:00:18 | 0,30 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Никола Андонов (СДСМ) | 00:00:58 | 0,98 | % |
| Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:58 | 0,98 | % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:01:16 | 1,29 | % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:01:56 | 1,96 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:30 | 1,52 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:52 | 0,88 | % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:44 | 0,74 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:44 | 0,74 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:39 | 0,66 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:58 | 0,98 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:22 | 1,39 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:38:29** | 100 | % |
| [illegible] | | | |
| Граѓански сектор | 00:18:00 | 7,46 | % |
| Влада | 01:07:05 | 27,82 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:14 | 1,76 | % |
| Други субјекти | 00:25:24 | 10,53 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:40 | 6,91 | % |
| СДСМ | 00:07:07 | 2,95 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:58 | 4,96 | % |
| Без субјекти | 00:12:26 | 5,16 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:20:19 | 8,42 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:56 | 1,63 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:34:33 | 14,33 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:13 | 2,16 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:48 | 0,75 | % |
| Судство | 00:05:08 | 2,13 | % |
| Собрание | 00:04:01 | 1,67 | % |
| АРМ | 00:01:45 | 0,73 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:32 | 0,64 | % |
| | **Вкупно за тема: 04:01:09** | 100 | % |
| | **Вкупно: 05:39:38** | | |

За другите прилози во двете изданија вести неповрзани со изборите, ТВ 24 Вести одвои речиси три четвртини од вкупното времетраење на анализираните прилози, односно 4 часа 1 минута и 9 секунди. Темите што доминираа во оваа тема се однесуваат на: посетата на грчкиот премиер Ципрас на нашава земја, преговорите околу предлог-законот за Јавно обвинителство и иднината на Специјалното јавно обвинителство, реформските процеси, барањата на турскиот министер за одбрана поврзани со организацијата ФЕТО, активностите околу идното членство во НАТО, можните помилувања од страна на претседателот Иванов за осудените од настаните од 27 април 2017 година. и др.

Застапеноста на Владата во темата „Други прилози" со повеќе од една четвртина во вкупното време, се должи на известувањата за нејзините редовни активности, во најголем дел поврзани со погоре наведените теми.

Времето одвоено за директните обраќања на тројцата претседателски кандидати ја следи временската застапеност од известувањата за нивните изборни активности. За Гордана Силјановска-Давкова (15 минути и 48 секунди) и за Стево Пендаровски (14 минути и 42 секунди) е одвоено приближно еднакво време и за директни обраќања. За Блерим Река се одвоени 7 минути и 7 секунди, што е двојно помалку од времињата одвоени за непосреден контакт со гледачите на другите двајца кандидати (Табела 2).

***Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти***

**ТВ 24 Вести**

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Стево Пендаровски | 00:14:42 | 13,42 % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:15:48 | 14,42 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:43 | 7,04 % |
| Влада | 00:18:21 | 16,75 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:48 | 3,47 % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:30 | 5,93 % |
| СДСМ | 00:04:39 | 4,24 % |
| Блерим Река | 00:07:07 | 6,50 % |
| Беса | 00:00:27 | 0,41 % |
| Алијанса за Албанците | 00:00:18 | 0,27 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:50 | 6,24 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:24 | 0,37 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:20 | 1,22 % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:00 | 0,91 % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:00:58 | 0,88 % |
| Хекуран Дука (ДУИ) | 00:00:42 | 0,64 % |
| Сојуз на Ромите од Македонија | 00:00:28 | 0,43 % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:27 | 0,41 % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:00:24 | 0,37 % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:23 | 0,35 % |
| Арбен Аголи (АА) | 00:00:39 | 0,59 % |
| Граѓански сектор | 00:10:00 | 9,13 % |
| Локална самоуправа | 00:01:24 | 1,28 % |
| Други субјекти | 00:04:29 | 4,09 % |
| Никола Андонов (СДСМ) | 00:00:12 | 0,18 % |
| Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:14 | 0,21 % |
| ДИК и други органи | 00:00:16 | 0,24 % |
| | **Вкупно: 01:49:33** | 100 % |

***Посебни информативни емисии***

### *Интервју*

Во првиот извештаен период од изборната кампања, ТВ 24 Вести премиерно емитуваше едно интервју со претседателскиот кандидат Стево Пендаровски (7 април), дадено за Слободна Европа. Разговорот е еднаш репризиран. Емитувана е и реприза од интервју дадено за истата редакција, реализирано со претседателот на Државната изборна комисија Оливер Деркоски.

### *Дебати*

Во рамки на актуелно-информативните емисии „24 Анализа" и „24 Отворено", на тема Избори 2019 година, се реализирани 7 дебатни соочувања меѓу: претседателот на партијата Интегра – Љупчо Ристовски, комуникологот Ангелка Пеева и новинарот Лирим Дулови (1 април); Арбен Таравари од Алијанса за Албанците, Игор Јанушев од ВМРО ДПМНЕ и Александар Кирацовски од СДСМ (2 април); кандидатите за градоначалник на општина Ново Село, Никола Андонов од СДСМ и Николчо Стоилов од ВМРО ДПМНЕ (премиера 3 април, реприза после полноќ на 4 април); претставниците на Беса, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, Аријанит Хоџа, Антонио Милошоски и Мухамед Зеќири (4 април); Мице Дудучки – психијатар, Јасна Бачовска – универзитетска професорка и актерот Сашо Тасевски (5 април); кандидатите за градоначалник на општина Дебар, Арбен Аголи од Алијанса за Албанците и Хекуран Дука од ДУИ (8

април); политичките аналитичари Владимир Божиновски, Никола Спасов, Насер Зибери и Магдалена Михајлова (9 април). Дебатните соочувања беа репризирани.

Двете дебати емитувани во рамки на емисијата „24 Отворено“ (на 2 и 9 април), беа достапни за лицата со оштетен слух, со превод на знаковен јазик.

***Други информативни емисии***

Во рамки на контактно-информативната програма „Во тек“ (8 април), една од темите на којашто гледачите можеа да го изнесат својот став, беше поврзана со изборите.

***Белешка:*** На ТВ 24 Вести, Вестите од 20 часот (кои не беа предмет на анализа) беа прилагодени за лицата со оштетен слух.

## ТВМ - Охрид

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

***Примерок:***

Вести во 22 часот

Анализирани беа 7 изданија на Вестите на ТВМ, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 1 час 48 минути и 13 секунди. Според програмската шема, медиумот нема вести во деновите на викендот.

***Начин на известување:***

Прилозите поврзани со изборите во 2019 година доминираа во дневно-информативните емисии на регионалниот радиодифузер ТВМ со издвоени 1 час 19 минути и 43 секунди.

Разбирливо, повеќе време беше одвоено за активностите поврзани со вонредните избори за градоначалник на Охрид, но имаше информации и за „Претседателските избори 2019". Презентирани беа дел од активностите на ВМРО ДПМНЕ и на кандидатката за претседател Гордана Силјановска - Давкова од митингот во Охрид, додека другите двајца учесници во претседателската трка – Стево Пендаровски и Блерим Река добија незначителен третман само во прилозите со општи информации од ДИК за почетокот на изборната кампања (Табела 1).

Од петте кандидати за градоначалник на Охрид, временски најзастапен беше кандидатот за градоначалник од ВМРО ДПМНЕ **Митре Милошевски (19 минути и 38 секунди)**, приближно еднаков третман имаа кандидатот за градоначалник од СДСМ **Константин Георгиески (13 минути и 23 секунди)** и кандидатот за градоначалник од ГДУ **Михаил Трендафилов – Нанче (12 минути 25 секунди)**. Многу помал простор добија **Стефче Стевоски**, кандидат од партијата Демократи (**2 минути**) и **Џемаил Мена** од Беса (**42 секунди**).

Активностите на политичките партии за кои беше одвоен простор во Вестите на ТВМ во овој мониториран период, претежно се однесуваа на промоција на изборните програми на кандидатите за градоначалник на Охрид. Временски најзастапена е **Граѓанската демократска унија** (ГДУ) во промоција на нивниот кандидат Михаил Трендафилов Нанче - со **10 минути и 30 секунди** реализирани како разговор во Вестите со претседателот на ГДУ, Петар Колев.

Со тенденција да се обезбеди еднаков третман во изборната кампања, беше најавено дека во Вестите на ТВМ ќе бидат емитувани интервјуа со сите кандидати за градоначалник на Охрид. Во периодот од 1 до 9 април беа реализирани две интервјуа: на 8 април со Михаил Трендафилов Нанче (ГДУ), а на 9 април со Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ).

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

ТВМ

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:19:38 | 24.63 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:26 | 8.07 | % |
| СДСМ | 00:04:43 | 5.92 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:13:23 | 16.79 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:04:31 | 5.67 | % |
| Без субјекти | 00:01:20 | 1.67 | % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:12:25 | 15.58 | % |
| ГДУ - Граѓанско демократска унија | 00:10:30 | 13.17 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:02:00 | 2.51 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:01:18 | 1.63 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:42 | 0.88 | % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:00:42 | 0.88 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:54 | 1.13 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:01:11 | 1.48 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:19:43** | **100** | **%** |
| Други прилози | | | |
| Локална самоуправа | 00:10:20 | 36.26 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:01 | 14.09 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:58 | 34.97 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:37 | 9.18 | % |
| Влада | 00:00:47 | 2.75 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:47 | 2.75 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:28:30** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **01:48:13** | | |

Во другите прилози кои не се директно поврзани со изборите, но сепак се релевантни за анализа поради позицијата на кандидатот за градоначалник од СДСМ, Константин Георгиески како актуелен в.д. градоначалник на Охрид, најмногу време беше одвоено за активностите на локалната самоуправа (усвоен извештај за раздолжување на Општината кон доверителите; изработка на локален еколошки акционен план; завршен проект за монтирање на фотоволтаичен систем на две основни училишта и сл.) и на методолошката категорија Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи преку информации за реализирани проекти и активности на локален и на регионален план (собирање отпад од ЈК Охридски комуналец; поправка на оштетени делници во охридско-струшкиот регион; изградба на детско игралиште и сл.)

Следствено на интензитетот на изборната кампања и реализираните интервјуа во дневно информативните емисии, и во директните обраќања во првиот извештаен период од изборната кампања, најмногу време заземаат ГДУ, Митре Милошевски и Михаил Трендафилов Нанче (Табела 2).

***<u>Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти</u>***

**ТВМ**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:03:04 | 6.84 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:04:18 | 9.58 | % |
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:06:19 | 14.08 | % |
| ГДУ - Граѓанско демократска унија | 00:08:20 | 18.57 | % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:08:02 | 17.90 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:31 | 7.84 | % |
| СДСМ | 00:03:29 | 7.76 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:27 | 3.23 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:15 | 7.24 | % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:00:47 | 1.75 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:00:41 | 1.52 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:33 | 1.23 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:16 | 0.59 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:30 | 1.11 | % |
| Џемаил Мена (БЕСА) | 00:00:20 | 0.74 | % |
| **Вкупно:** | **00:44:52** | **100** | **%** |

*__Посебни информативни емисии__*

***Интервјуа***

Освен интервјуата со кандидатите за градоначалник на Охрид кои беа емитувани во дневно информативните емисии, ТВМ најави и посебен блок интервјуа на тема „Избори 2019". Првото беше реализирано на 9 април 2019 година со Стефче Стевоски, кандидат за градоначалник на Охрид од партијата Демократи.

На 7 април 2019 година, еднаш премиерно и еднаш репризно, беше емитувано „Неделно интервју" со кандидатот за претседател, Стево Пендаровски, преземено од Радио Слободна Европа.

***Дебати***

Со едно премиерно (3 април) и две репризни изданија ( 4 и 5 април 2019 година), ТВМ ја емитуваше дебатната емисија „24 Отворено" преземена од 24ТВ. На темата – каква изборна кампања ја очекува Македонија, наративот во изборната кампања и можноста да има бојкот на изборите, дебатираа: Арбен Таравари од Алијанса за Албанците, Игор Јанушев од ВМРО ДПМНЕ и Александар Кирацовски од СДСМ.

**ТВ ВИС - Струмица**

*__Дневно-информативни емисии__*

***Примерок:***

Вести во 22 часот.

Анализирани се 8 изданија на Вестите во 22 часот, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 1 час 12 минути и 51 секунда. Во недела, ТВ Вис не емитуваше дневно-информативна програма.

***Начин на известување:***

Во анализираниот примерок на дневно-информативните изданија на ТВ Вис, во периодот од 1 до 9 април 2019 година, за прилозите посветени на изборните кампањи за Претседателските избори 2019 и за вонредните локални избори за градоначалници во три општини, беа одвоени 34 минути и 10 секунди, што е премалку за да се извлечат констатации за балансот во известувањето, туку може да покаже само тенденции. Речиси исто толку време имаше и за прилозите на другите теми поврзани со актуелните настани на државно и на регионално ниво.

Во прилозите поврзани со темата „Избори 2019" ТВ Вис известуваше со фокус на изборот на градоначалник на Општина Ново Село, која припаѓа во регионот што го покрива овој регионален радиодифузер. Во Вестите беа проследени предизборните активности на двајцата кандидати за градоначалник на Општина Ново Село, Никола Андонов од СДСМ и Николчо Стоилков од ВМРО ДПМНЕ. Телевизијата емитуваше и репортажа од Ново Село во која беа портретирани кандидатите за градоначалник и беше вклучена анкета со локалните жители за тоа каков градоначалник сакаат.

Кампањата за претседателските избори беше проследена преку вести и извештаи од локалните ограноци на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ за изборната кампања на кандидатите за претседател што тие ги поддржуваат – Гордана Силјановска – Давкова и Стево Пендаровски. Во овој изборен период не е одвоено време за кандидатот за претседател Блерим Река, поддржан од политичките партии Беса и Алијанса за Албанците, освен во општите информации од ДИК за почетокот на кампањата за претседателските избори.

Поголемата временска застапеност на ВМРО ДПМНЕ во однос на СДСМ се должи на информациите од митинзите на ВМРО ДПМНЕ во Радовиш и во Струмица кои Телевизијата ги проследи

со извештај и изјави од претседателот на партијата Христијан Мицкоски и на кандидатката за претседателка Гордана Силјановска - Давкова.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

ТВ ВИС

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:03:33 | 10.39 | % |
| Никола Андонов (СДСМ) | 00:05:29 | 16.05 | % |
| Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:54 | 11.41 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:53 | 23.07 | % |
| Други субјекти | 00:07:30 | 21.95 | % |
| Без субјекти | 00:02:21 | 6.88 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:34 | 1.66 | % |
| СДСМ | 00:01:35 | 4.63 | % |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:01:21 | 3.95 | % |
| Вкупно за тема: | 00:34:10 | 100 | % |
| [illegible] | | | |
| Претседател на РМ | 00:01:47 | 4.61 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:24 | 1.03 | % |
| Влада | 00:11:58 | 30.93 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:01 | 15.55 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:53 | 17.79 | % |
| Други субјекти | 00:07:59 | 20.64 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:39 | 9.44 | % |
| Вкупно за тема: | 00:38:41 | 100 | % |
| Вкупно: | 01:12:51 | | |

Прилозите за другите актуелни настани од земјата кои не беа директно поврзани со претседателските и со вонредните локални избори, беа третирани низ претежно информативни жанрови - вести и извештаи и за нив беа одвоени 38 минути и 41 секунда. Најголем дел од ова време беше за активностите на Владата (11 минути и 58 секунди). Најактуелни теми во овој период третирани во вестите на ТВ Вис, беа посетата на грчкиот премиер Алексис Ципрас на Скопје и мерките на Владата за стимулирање на земјоделството и реализација на програмата за рурален развој.

За директните обраќања, на кандидатот за градоначалник на Ново Село од СДСМ Никола Андонов беа одвоени 2 минути и 26 секунди во кои се емитувани негови изјави од предизборните настапи во Сушица и во Ново Село. За кандидатот за градоначалник на Ново Село од ВМРО ДПМНЕ Николчо Стоилков беа одвоени само 22 секунди за директно обраќање.

Од кандидатите за претседател, време за директно обраќање во овој мониториран период во Вестите на ТВ Вис, беше одвоено само за Гордана Силјановска - Давкова - 37 секунди, во кои беше емитувана нејзина изјава од митингот во Струмица.

*Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти*

ТВ ВИС

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:15 | 17.67 | % |
| Други субјекти | 00:08:48 | 29.61 | % |
| Влада | 00:03:31 | 11.83 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:36 | 8.75 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:50 | 19.63 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Никола Андонов (СДСМ) | 00:02:26 | 8.19 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:00:37 | 2.08 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:18 | 1.01 | % |
| Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:22 | 1.23 | % |
| | **Вкупно: 00:29:43** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

***Интервјуа***

На тема „Избори 2019" во овој мониториран период на ТВ Вис беше емитувано интервју со претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, преземено од Радио Слободна Европа. Интервјуто премиерно беше емитувано на 7 април и репризирано на 8 април 2019 година.

## Телевизија 3 - Дебар

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Вести во 21 часот.

Во извештајниот период од 1 до 9 април 2019 година, анализирани беа 4 изданија на централната дневно-информативна емисија во 21 часот. Поради технички проблеми целосно или делумно недостигаа снимки од програмата на Телевизијата од 2, 3, 6, 7, 8 и од 9 април 2019 година.

Анализираните прилози во вестите се со вкупно траење од 20 минути и 40 секунди од кои 14 минути и 15 секунди беа посветени на активностите на кандидатите за претседател на државата и на кандидатите за градоначалник на Дебар, како и за политичките партии кои ги поддржуваат во нивните кандидатури. За другите прилози за актуелните дневно политички настани во земјата, беа одвоени 6 минути и 20 секунди.

Мониторираните прилози во Вестите, временски не го достигнаа релевантниот методолошки примерок дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување.

## ТВ Кобра - Радовиш

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Дневник во 20:00 часот.

Во извештајниот период, од 1 до 9 април 2019 година, анализирани беа 9 изданија на централната дневно-информативна емисија во 20 часот, при што анализираните прилози вкупно траат 50 минути и 26 секунди од кои 31 минута и 35 секунди беа посветени на активностите на кандидатите за претседател на државата, како и за политичките партии кои ги поддржуваат во нивните кандидатури, а 18 минути и 51 секунда беа одвоени за актуелните дневно политички настани во земјата.

Мониторираните прилози во Дневникот на ТВ Кобра, временски не го достигнаа релевантниот методолошки примерок од дневно-информативната програма за да се извлечат оценки за начинот на известување.

## Локални телевизии

### ТВ Дибра – Дебар

Поради технички проблеми со доставувањето на сигналот, невозможно е да се даде преглед на начинот на кој ТВ Дибра известуваше за изборите за градоначалник на Дебар.

### ТВ Морис - Охрид

***Дневно-информативни емисии***

***Примерок:***

Дневник во 22:00 часот.

Анализирани беа 8 изданија на вести со вкупно времетраење на анализираните прилози од 1 час 8 минути и 41 секунда.

***Начин на известување:***

Методолошкиот примерок од вестите на ТВ Морис, едвај ја надминува границата од 1 час. Во периодот од 1 до 9 април, за изборните кампањи на кандидатите за градоначалник на Општина Охрид беше одвоено време од 27 минути и 20 секунди. Тројцата кандидати за претседател на Република Северна Македонија и нивните изборни активности, медиумот во овој период одлучи воопшто да не ги покрива во својата информативна програма. Во 17-те анализирани прилози кои беа на тема Избори 2019, ТВ Морис преку извештаи од прес-конференции, соопштенија и вести известуваше за кампањата на кандидатите Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ), Константин Георгиески (СДСМ), Михаил Трендафилов – Нанче (ГДУ) и Стефче Стевоски (Демократи). Во вестите беа пренесени и изјавите на претставниците на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ кои директно учествуваа во изборната кампања на своите кандидати за градоначалник на општина Охрид.

Вкупното време на прилозите преку кои се покриваше изборната кампања е премногу мало, а разликата помеѓу одвоеното време за различните кандидати е незначителна за да се донесе методолошки оправдан заклучок дали е обезбеден баланс за кандидатите за градоначалник.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

ТВ Морис

| Избори 2019 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:03:18 | 12.07 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:52 | 17.80 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:03:23 | 12.38 | % |
| Други субјекти | 00:02:23 | 8.72 | % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:14 | 26.46 | % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:02:00 | 7.32 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:56 | 3.41 | % |
| СДСМ | 00:03:14 | 11.83 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:27:20** | **100** | **%** |
| Други прилози | | | |
| Локална самоуправа | 00:11:22 | 27.49 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:49 | 14.07 | % |
| Влада | 00:13:28 | 32.57 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:23 | 15.44 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:01:44 | 4.19 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:35 | 6.25 | % |
| | **Вкупно за тема: 00:41:21** | **100** | **%** |
| | **Вкупно: 01:08:41** | | |

Од анализираните вести 41 минута беа одвоени на известување за актуелните настани од земјата. Најголем дел од ова време опфаќаат прилозите за редовните активности на општина Охрид и градоначалникот Константин Георгиески, извештаи од седниците на Советот на општината и активностите на јавните комунални претпријатија. Времето издвоено за Владата отпаѓа на прилозите кои ги покриваа активностите на премиерот и министрите во државата и странство и нивните средби со амбасадори и претставници на меѓународни организации.

Распоредот на директните обраќања на градоначалничките кандидати во Општина Охрид и на претставници од партиите кои подржуваат дел од овие кандидати, беше мало – согласно нивната застапеност во Вестите.

***Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти***

**ТВ Морис**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ) | 00:03:33 | 22.66 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:21 | 27.77 | % |
| Константин Георгиески (СДСМ) | 00:02:59 | 19.04 | % |
| Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ) | 00:01:54 | 12.13 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:24 | 2.55 | % |
| Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:07 | 7.13 | % |
| СДСМ | 00:01:22 | 8.72 | % |
| | **Вкупно: 00:15:40** | **100** | **%** |